**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на Четириесет и третата**
**седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 9.05.2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Иљаз Хаљими, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ИЉАЗ ХАЉИМИ:**

Продолжуваме со работа по Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ѓулистана Марковска, Благој Ханџиски и Ванчо Ѓеоргиев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме со работа по Предлогот за донесување на Законот за предвремено пензионирање, со Предлог на закон, г-динот пратеник Петар Гошев сака процедурално да интервенира.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, дами и господа, како што сите знаете денес е 9 мај, а 9-ти мај, исто така, како што знаете е ден над победата над фашизмот.

Колку што сум информиран Собранието нема планирано некакво одбележуваше на овој ден, кој го одбележуваат сите антифашистички сили и држави во светот.

Исто така прочитавме дека е одржана некоја свечена академија по повод овој ден, организирана од Сојузот на борците во Македонија, за која некои имале покана, некои немаат, ако не поканеа сигурно ќе одевме.

Сигурен сум дека ова Собрание апсолутно сака да биде дел од мнозинството, најголемото мнозинство антифашисти во светот и денес барем најмногу што можеме да направиме е, јас предлагам едноминутно молчење за жртвите.

Предлагам тој предлог да го даде потпретседателот што денес претседава со седницата, а јас би отишол на моето место и таму со стоење од една минути и јас би сакал да се вклучиме давање на почит на жртвите од фашизмот.

Тоа е мојот предлог г-дине потпретседателе.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сакам да искажам едно не само незадоволство туку и разочарување што РМ како држава, без разлика на тоа што постои Собранието комисии, постојат државни органи, извршни органи, Влада, што РМ можеби е единствената што денешниот ден не го одбележува на еден достоинствен начин, особено затоа што ако има некаква подлога, историска политичка подлога за својата државност, Македонија има токму во поглед на оваа дата, затоа што овој народ, овие граѓани се вклучија во тој антифашистички фронт и практично оттука се извлекуваа заклучоците за демократскиот развој на европските народи. Едноставно пропуштањето на оваа дата претставува неверојатен пропуст, морам да кажам преседан кој дава многу лоша слика за почитувањето на нешто што претставува цивилизациска придобивка.

Нема народ во Европа и во светот кој не се гордее со дел од тоа семејство на натифашистички народи. Реков посебно е тоа важно за граѓаните на РМ кои се вклучија во многу тешки услови, историски многу тешки услови, на страната на демократските сили, на силите кои практично после победата над фашизмот доведоа до еден општ прогрес на демократијата и човековите права во светот. Не случајно сите држави и многу поголеми држави од нас, помоќни држави сметаат дека никогаш не треба да се заборават фашистичките зло дела, дека тие не застаруваат, дека и ден денес се бараат оштетувања за сите граѓани што биле жртви на фашизмот. А обратно, имаме дури денес земји, држави кои се обидуваат да го избришат своето фашистичко минато, затоа што тоа е еден голем срам за секој народ, за секој политички систем и за секоја Влада.

Мислам дека треба да бидеме свесни дека оваа грешка е не опростива за нас како народ, граѓаните на РМ и за оваа извршна власт, која денес е во РМ. Тоа да ни биде една поука барем за следната година да извлечеме некои поуки и да го реализираме тоа барем следната година и да биде тоа еден празник, кој се одбележува во целиот свет.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално г-динот пратеник Билал Лутвиу.

**БИЛАЛ ЛУТВИУ:**

Г-дине потпретседателе, колеги пратеници.

Дневниот ред е многу јасен. Ние денес продолжуваме со 41-та седница.

Предлогот на г-динот Гошев секако сите го поддржуваме, а за други интервенции односно за интервенцијата на г-динот Китановски апсолутно нема простор нити според Деловникот, нити според простата логика, за вакви интервенции. Тоа не е ништо друго освен политички маркетинг па за такво нешто нема простор во овој дневен ред.

Во име на пратеничката група на ДПА предлагам да почнеме со работа по точките од дневниот ред.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Гледам на екранот дека има доста пратеници кои се јавуваат веројатно процедурално.

Предлагам ние сега да го уважиме предлогот на пратеникот Петар Гошев и со едноминутно молчење да им одадеме почит на сите тие наши граѓани кои загинаа за време на НОБ.

Ги молам сите пратеници да станат и со едноминутно молчење да им одадеме почит на сите загинати борци во НОБ.

Слава им.

Продолжуваме со работа по Предлогот за донесување на Закон за остварување на предвремена пензија, со Предлог на закон.

Во меѓувреме Комисијата за труд и социјална политика поднесе извештај и истиот е поделен.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Сите знаете денес е 9-ти мај, денот на победата над фашизмот.

Денес исто така е четврти ден на Ѓурѓовден, патерица и ние Ромите денес го испраќаме Ѓурѓовден.

Сакам на сите Роми да им го честитам празникот Ѓурѓовден.

Денес на Француски гробишта ги има над 20 - 30.000 граѓани почнато е славјето и од моја страна јас им честитам.

**ИЉАТ ХАЛИМИ:**

И јас во мое име и во името на сите пратеници, им го честитам празникот Ѓурѓовден на сите Роми.

Процедурално сака да интервенира г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

После оваа иконографија која беше поставена тука, нашата пратеничка група побара информација која не знам дали воопшто може да се нарече информација. За таа информација се обвини наводно бившата структура, потоа се докажа дека не е така и сега пак се настојува по старо, така што на главниот влез на зградава на Собранието е поставен крст од некаде три метри, во внатрешниот дел на зградата.

Јас во име на пратеничката група на ПДП, барам информација по чиј налог е поставен и зошто е поставен.

На секој нормален кој ќе влезе во зградата ќе му се стори како да влегува во црква. Ниедна држава односно ниедно Собрание, освен Ватиканското, нема таква иконографија.

До крајот на седницата барам информација за оваа работа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Јас лично немам видено такво нешто.

Се консултирав и со секретарот и таа нема видено.

Не се знае кој го поставил.

Но, во меѓувреме ќе провериме и ќе доставиме информација околу тоа.

Молам да продолжиме со работа.

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе.

Мислам дека преминавме на дневниот ред.

Пред нас имаме Предлог за донесување на Закон за предвремено пензионирање.

Вие потпретседателе кажавте дека во меѓувреме е доставен извештајот од Комисијата за труд и социјална политика. Јас не би сакал да се навраќам во однос на постапката во која се разгледуваше овој закон. И сигурно треба да констатираме дека Собранието ја утврди потребата од донесување на овој закон, ги утврди основите и начелата и во основа укажа дека Собранието со своето изјаснување, дека овој закон е согласно со Уставот и позитивните законски прописи.

Но, во дискусијата која се водеше пред овој Парламент по предлогот за донесување на закон, беа истакнати голем број на забелешки.

Како би можеле ние конструктивно да работиме и да се изјаснуваме, согласно деловникот и согласно процедурата за донесување на законите, сигурно наведените забелешки претставникот на Владата треба да одговори, односно самата Влада и да каже кои забелешки ги прифаќа, а кои не ги прифаќа, односно треба да се изјасни зошто не ги прифаќа забелешките кои беа истакнати во предлогот за донесување на закон, како би имале една логика за расправа по Предлогот на закон.

Но, бидејќи ние ја скративме постапката, а имаше доволно временски период Владата да се изјасни, тоа не го добивме. А исто така јас ќе се изјаснам дека за одредени податоци претставникот на Владата укажа дека до ова Собрание ќе ги достави. Затоа јас ќе се обидам во основа да ги групирам дадените забелешки, како би можеле понатаму да интервенираме или амандмански или слично во овој општ претрес.

Од страна на пратениците во голем дел од опозицијата, основната забелешка беше дека Владата не се придржува на стратегијата за реформи во јавната администрација и со овој сегментарен дел, со Законот за предвремено пензионирање не го нуди другиот дел на пакет на закони.

Од самата расправа по Предлогот за донесување на законот, беше покушано од страна на претставникот на Владата да се објасни зошто не се нудат тие закони и во тој дел би сакал и согласно Деловникот јас поставив едно прашање до самиот претседател на Собранието да не информира дали Законот за Влада, Законот за државни службеници, Законот за државната управа, се дојдени во процедура на Собрание. Целокупната јавност и сите ние пратениците знаеме дека законите се поминати на Влада и ние дадовме и еден предлог овој пакет на закони да ги гледаме во прва фаза, а Предлогот на Законот за предвремено пензионирање да го гледаме во втора фаза и да имаме една целина. Тогаш доста укажувавме кои се ефектите согласно стратегијата.

Јас не би навлегувал во тој дел да се повторуваме, бидејќи основната логика е, ние и по Предлогот на законот да ги истакнуваме забелешките, да водиме расправа како по Предлог на донесување на закон. Но, едно е јасно од излагањата и во средствата за јавно информирање и по излагањата на претставникот на Владата пред парламентарците, едини мотив, овие закони кои не се пуштаат пред Парламентот, а кои се изричито во согласност со стратегијата за реформи во јавната администрација, со тоа што во делот за органите за државната управа, т.н. член 13 , се прават компаративни предности во однос на кои министерства. Треба јасно и гласно на македонската јавност и на пратениците да се каже дека партиите во владината коалиција, ја одлагаат реформата во државната администрација од причини што не можат да се договорат кои министерства ќе постојат, а кои ќе се укинат, односно не можат да се договорат кои министри понатаму нема да водат ресори.

Реформите во државната администрација, како што е истакнато се многу битни и еден таков сегмент не може да влијае. Претставниците на Владата и самиот премиер изјавуваат, да во септември ќе го донесеме Законот за државната управа, сигурно во една ваква постапка па и ќе правиме реконструкција. Тоа е оној дел кој јасно и гласно претставниците на Владата не ни ги доставува пакетот на закони, иако ќе повторам целосното согледување на реформите во државната администрација не може да биде сегментарно, бидејќи во самата стратегија се нудат сите други можности за кои самата Влада вели, тоа се можностите во однос мора да се знае колкав е бројот на министерствата.

Тука сигурно владината коалиција ќе има поддршка од пратениците на опозицијата, бидејќи би требало да се потсетиме и на тоа како дојде до проширување и измена на Законот за

органите на управата. Односно на првите седници на овој Парламент, дојде до проширување на бројот на министерствата и тогаш, бидејќи за овие закони согласно Уставот од потребно 2/3 мнозинство, тогаш опозицијата укажуваше со аргументи, дека нема потреба од проширување на министерствата, а владиното или парламентарното мнозинство сепак со помош, тогаш на одреден политички пазар со ПДП го обезбеди 2/3-то мнозинство од 81 глас. Не би сакал да навлегувам тука но, и тоа ветување кое беше дадено на ПДП со измена на друг дел од Законот на органите на управата и тоа не е исполнето. Истата постапка се повторува сега.

Сметам дека, ова е седница во мај, имаме уште една во јуни, Владата во иста постапка ќе ги предложи по скратена постапка тие закони нема да имаме расправа. Јавноста односно транспарентноста е многу битна од овој аспект за создавање на јавна администрација која би била мала, деполитизирана, стручна и сл. Значи едини аргумент што му се доставуваат тие закони е неможноста на владината коалиција да се договори кои министри ќе испаднат, а кои ќе останат, иако желбата и целта им е јасна. Јас повторувам дека пратениците од опозицијата во овој случај сигурно ќе дадат конструктивен придонес, но за намалување на бројот на министерствата врз основа на стручни анализи.

Инаку објаснувањата дека во светот има толку министерства и т.н. и тогаш ние укажувавме. Македонија треба да го има оној оптимален број кој во парламентарна расправа пратениците и Владата би го утврдиле.

Владата можеше да го понуди законот и без решение на тој член 13 и алтернативни решенија со 10 министерства, со 15 и во една расправа сигурно ќе дојдевме до решение. Тоа е оној најголемиот недостаток што го има и Владата се крие врз основа на сегментарното донесување и ние немаме целосна реформа и целосна слика, тргнуваме од дното наместо од врвот, обратно ги водиме реформите, но тука ние не можеме ништо да интервенираме во Предлогот на законот, ни амандмански ни сл.

Ќе се помириме со тоа и затоа во тој дел не би дале поддршка.

Втората забелешка која беше истакната од страна на пратениците, тоа е немање на аналитички пристап на самиот закон и во образложението на законот.

Јас овде пред пратениците морам да кажам дека претставникот на Владата, г-динот заменик министер за правда, кажа дека до пленарната седница на Собранието, тоа го пишува во Извештајот на комисијата за труд и социјална политика, пратениците ќе ги добијат сите потребни информации. Ние и тогаш повторувавме и сега ми е непријатно да повторувам. Денес во РМ, ниту од средствата за јавно информирање, ниту Владата, ниту еден пратеник не знае колку точно ќе одат во предвремена пензија административни работници во РМ. Повторувам, тој податок, по двата основи согласно законот, по сила на законот со 35 години стаж за маж и жена и по другиот основ 63 години маж и 58,5 за жена и 20 години стаж ги има Владата. Не да ги има, не може да се почне да се работи, бидејќи тоа е елементарно право, елементарен податок е, и ние сега бараме со 4000 со 6000. Ние како опозиција ги имаме тие податоци, но претставникот на Владата пред овој Парламент треба да каже. Не зборуваме за делот во административна пензија колку луѓе ќе одат врз основа на доброволниот принцип со 30 години. Тоа е основен податок кој треба да го знаеме, за да водиме понатаму расправа.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Сега се поставува прашањето основно и битно, зошто Владата на пратениците и на македонската јавност не ги дава овие податоци. Овие податоци не ги дава и се создава едно размислување како пратеници.

Знаете, Владата не ги дава тие податоци, бидејќи во основа сака врз основа на лицата кои ќе одат во предвремена пензија, да вработи нови лица. Овде беше истакнато дали со партиски книшки или со други политички гледишта. Единствен мотив пратениците да немаат такви елементарни податоци е само дека Владата не сака да објави и не сака да се знае, особено реформите, бидејќи се однесуваат и предвременото пензионирање во образованието. Опозицијата и пратениците укажуваа дека образовниот процес не може да тече со вакво предвремено пензионирање и од бројката од 2.160, која ја имаме од средствата за информирање во образованието, бидејќи Министерството за образование има распишано конкурс за број на паралелки во Република Македонија, 80 или 90% од предвремено пензионираните лица во образованието ќе се пополнат со нови кадри, врз основа на други политички гледања, врз основа на волјата на

политичките партии. Владата тоа не го соопштува. Знаете почесно би било да им кажеме на лицата кои работат во образованието дека со 35 години стаж професор, учител, не може да врши образовен процес, а не да викаме дека ги пуштаме во предвремена пензија. Тоа е оној битен елемент со исклучок на универзитетските професори и амандмани има за во научните институции.

Значи, основен и битен фактор кој Владата не го соопштува и покрај земањето на обврските, јас барам од заменикот министер кој е присутен, а министерот не е тука, сигурно на пратениците, ние се договоривме и во овој период, иако се водеше, јас морам да укажам, по скратена постапка оствативме соработка се во интерес на луѓето кои ќе одат. Опозицијата е свесна дека парламентарното мнозинство ќе го изгласа овој закон.

Понатаму јас ќе зборувам и затоа ние она што е договорено, беше договорено пратениците на своите бироа да ги имаат основните податоци по министерства, колку одат во предвремена пензија, мажи, жени и слично. Ние сега само претпоставуваме. Сигурно, тој дел Владата би требало да го изврши, бидејќи и пред членовите и на позицијата и на опозицијата и во извештајот кој што е истакнат во Комисијата, земена е обврската.

Третата забелешка во која сигурно во овој општ претрес по Предлогот на законот, е тоа што Владата и покрај периодот од донесување, на усвојување на Предлогот за донесување на закон не оствари контакт со јавноста, а особено со претседателството на Синдикатот, иако беше укажувано. Владата самата укажува дека во стратегијата, дури има посебна потстратегија за комуникација со јавноста, како ќе биде прифатена реформите во државната администрација од различни слоеви, а ништо не прави да го оствари тој контакт. Исто е и во дадениов случај. Во дадениов случај имаме тоа што Претседателството на синдикатот, на Правосудството, органите на управата, општествените здруженија и здруженијата на граѓани, пред да го донесеме овој закон и во оваа расправа, претходно дури по донесувањето, најавуваат покренување на постапка пред Уставниот суд. По неколку основи, што не би сакал да ги коментирам и што не е добро. Што значи, Владата не го оствари и тој дел, за да имаме целосна слика за администрацијата и со партнерите, а да не зборуваме во економско социјалниот совет, што не дава можност за транспарентност, јавност и македонската јавност да биде убедена во целите на оваа реформа.

Уште еден многу битен елемент, кој морам да кажам во тој дел е остварена одредена соработка со претставникот на Владата и сигурно тој ќе го укаже тој дел е тоа што во однос на општиот претрес по Предлогот за донесување на закон беше истакнувано дека одредени одредби од Законот за предвремено пензионирање се спротивни на Уставот на Република Македонија и спротивни на другите позитивни законски прописи, во однос на правата на остварување на предвремена пензија на маж и жена. Бидејќи, со постојното решение кое го нуди Владата, жена со 35 години стаж ќе оствареше пензија од 80%, маж ќе оствареше 71%. Во тој дел се поднесени амандмани и од мене лично како пратеник на Пратеничката група на СДСМ и Демократската алтернатива и на самото работно тело и морам да укажам со министерот за правда се остварени одредени контакти, тие укажаа преговарале со Меѓународниот монетарен фонд, кој сега користи како еден од битните елементи за овие реформи и имам сознание дека одредениот амандман ќе биде прифатен од Владата со одредени корекции.

Затоа, би сакал да го известам и Парламентот дека првобитниот амандман е повлечен, даден е друг амандман со кој во интерес на јавноста и мажи и жени кои ќе одат во предвремена пензија со 35 години работен стаж, ќе остваруваат право од 80% и така наречената заменска стапка ќе биде 80% од нивните остварени плати или лични примања во целокупниот период од 35 години. Што се добива со овој амандман? Со овој амандман во основа се зголемува заменската стапка во старт и кај мажите и кај жените. Кај мажите од 20 години заменската стапка, до колку маж оди во пензија со 63 години и со 20 години стаж, согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, би остварувал заменска стапка од 44%, со амандманот мислам дека ќе го прифатат и би било редно да го прифатат и затоа укажав дека е остварена одредена соработка со претставникот на Владата и сме усогласени барем од досегашното усогласување само за овој дел, а за разлика од другиот дел не сме усогласени, ги немаме податоците. Што значи во старт заменската стапка кај мажите ја зголемуваме на 55%, а кај жените на 57%. И, понатаму секоја година од пензиски стаж се зголемува за 1,67% кај мажите и 1,50% кај жените, со тоа што и мажот и

жената ќе остварат со 35 години пензиски стаж од 80%, што е добро.

И, покрај овие укажувања, сигурно јас би укажал дека, бидејќи немаме целосна слика на реформите, затоа што реформите не се водат согласно стратегијата не би го поддржале овој закон, но моравме да интервенираме барем кај корисниците кои ќе одат, кои ќе го остварат ова право, бидејќи парламентарното мнозинство ќе го усвои, според искажувањата и во работните тела и по Предлогот за донесување на закон, сметаме да интервенираме.

Уште еднаш би апелирал и покрај усогласувањето, барем Владата ако не може да се спречи, барем малку на овие луѓе кои со 35 години вработени во државната администрација дале свој придонес, да им го олесниме она што зборуваме тие стари или не многу стари години. Бидејќи, со овој закон треба да бидеме свесни дека ќе одат луѓе во пензија и со 43 години. Знаете, со бенефицираниот стаж, ако некој е вработен на 18 години, има 35 години, во пензија ќе оди со 43 години предвремена пензија. Ќе имаме и такви случаи. Да, тоа важи и за бенефицираниот стаж во одбрана и внатрешни работи, па ако сакате одредени пратеници, ако бараат, јас морам и да им кажам колку е тоа во процент, колку ќе одат. Од Министерството за внатрешни работи мажи со 35 години работен стаж ќе одат 470 луѓе, а Министерството за одбрана ќе одат 433 вработени мажи и би можел да ги читам сите други врз основа на податоци, кои можеме да ги добиеме и да ги прибереме, а вкупниот број сигурно се очекува и потоа би се изјасниле, доколку заменикот министер би требало да ги соопшти на овој Парламент и сигурно во општиот претрес доколку ги имаме тие податоци и другите информации, би се вклучиле накнадно, би интервенирале и би имале можност врз основа на податоци, врз основа на информации, за кои ќе повторам дека Владата не ги дава од необјасниви причини, освен оние кои јас ги кажав и кои мислам дека се, па тогаш 6и интервенирале и по текстот и амандмански, како би имале време. Благодарам.

**ИЉАС ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Гештаковски Александар.

За збор се јави господинот заменик министер Зоран Стојанкиќ.

Тој веројатно ќе одговара на неколкуте поставени прашања од страна на господинот Гештаковски.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Од повеќето забелешки на пратеникот Александар Гештаковски, би кажал дека Владата има аналитичен пристап кон овој проблем и ние подготвивме преглед на број на вработени. Значи, опфатот на законот и јас би можел вака грубо да ги кажам податоците, па после тоа можеме ова да го умножиме и да го доставиме до сите пратеници.

Значи, имам Информација од Министерството за образование и финансиски ефект. Сметавме дека ова ќе биде достапно од сите, од другите министерства, бидејќи имаме збирно, немаме податоци. Преглед на број на вработени кои исполнуваат услови за предвремено пензионирање согласно Предлогот на законот, вкупно со овој закон одат во пензија 5.396 вработени. Од тоа по првиот услов вкупно 533 жени и 92 мажи.

По вториот услов, тоа значи со 35 години стаж, без оглед на години на живот, жени вкупно 1.358 и мажи 3.413. Тоа се вкупни податоци за опфатот на законот.

Во однос на Министерството за образование во овој момент има вкупно 32.285 вработени, по постојниот, специјалниот, значи овој Закон за предвремено пензионирање одат вкупно 2.237 вработени. Од тоа, според постојниот закон 149, а според Законот за предвремено пензионирање 2.088. Значи, другите податоци поединечно за секој сегмент од образование ќе го добијат пратениците.

Во однос на она што значи финансиски ефект, бидејќи пратеникот зборуваше дека Владата во комуникација со пратениците, овој амандман од Александар Гештаковски го прифаќа, во тој случај ќе зборувам само за податоците во овој вториов случај. Значи, со прифаќање на амандманот вкупно за жени по првиот услов ќе бидат потребни 362.208.387 илјади денари. Кај мажи, бидејќи ова брои само 92, 19 милиони 805.979. Согласно амандманот значи вкупните средства ќе бидат 331.989.049 денари. Ова е по вториот услов, значи 35 години стаж, а она другото беше по првиот. Збирот на финансискиот ефект би бил по првиот и по вториот услов 2.575.304 илјади денари. Овие податоци можеме да ги доставиме до сите пратеници. За овој дел толку би зборувал.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменикот министер.

Повторно за збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека е преседан вака и претставниците на Владата да ги соопштуваат податоците, а ние поинаку се договоривме и потребно е поинаку.

Владата овие податоци барам да ги достави до пратениците и со уште едно барање, доколку би можело и претставникот на Владата, за што доста е непријатно со поставување на прашања во расправата кога немаме доволно информации, кога законите доволно не се расправаат би дошле до вакви состојби. Многу е битно во делот за продолжување на функционирање на образовниот процес во Република Македонија колку од бројот 2.237 во образованието ќе се потребни ново вработени. Тој податок сигурно заменикот министер го има и треба да ни го даде. Инсистирам деловнички овие податоци да се поделат на пратениците како би ги имале написмено и како би можеле да ги анализираме. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Гештаковски за повторното јавување.

За збор се јави господинот пратеник Спасов Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, сметам, еве тоа го кажав и на Комисијата, односно на ЗПК дека е како врвен цинизам денеска овој Закон за предвремено пензионирање да ни се предлага како прв, можеби и најзначаен закон, во врска со реформата на државната администрација. Во врска со реформата за државната администрација, за која што Владата усвои стратегија во мај оваа година.

Затоа што, ниту на едно место во таа стратегија за реформа на државната администрација не пишува и не е предвидено дека ќе се донесе Закон за предвремено пензионирање, а уште помалку, мислам им служи на чест на предлагачите да не убедуваат дека ова е она што ќе ни овозможи да влеземе во семејството на европските народи. Трае општ претрес господине Кралевски и дозволете да кажам што мислам за Законот.

Според тоа, освен што е спротивно во овој закон, меѓу другото, ја открива смислата на оваа мерка преку овој закон што го предлага Владата, а тоа е бројот на вработените во државната администрација, со оваа најнова мерка на Владата, да се врати на нивото на вработените во буџетските установи од крајот на 1998 година или од почетокот на преземањето на власта од страна на оваа Влада. Тоа значи дека всушност дека тие да не ги вработиле луѓето што ги вработиле од 1 јануари 1999 година, кога ја преземаа власта во Македонија, сега не ќе имаше потреба за оваа мерка. Она што е запишано во стратегијата дека на Македонија и е потребна мала, стручна, способна, ефикасна администрација и т.н., само по себе не зборува дека основниот критериум за обезбедување на таква администрација може да биде со отпуштањето на повозрасните во буџетските установи. Затоа што, како тоа се прави? Се прави на тој начин што сите ново примени во овој период, а кој што се вишок се прогласуваат за иновација, за младост, за подмладување, за постручни, поспособни од сите оние кои што со овој закон, практично, ќе го изгубат работното место и ќе одат во пензија.

Законот и стратегијата за реформата на државната администрација не подразбираше воопшто ваков начин на иновирање на државната администрација во Македонија. Таа стратегија подразбираше, меѓу другото да се направат анализи и да се види точно во која од буџетските установи има преголем број на вработени, по кои критериуми тие би можеле навистина да ги ослободат работните места и да се ослободат средствата од Буџетот кои што се даваат за нив и врз основа на една таква анализа да се пријде кон процесот на намалувањето на државната администрација. А, не со една ваква мерка во која што на крајот на краиштата остануваат без работа оние што се најискусните остануваат без работ, оние кои што имаат во краен случај најмногу увид во тоа како работеле државните установи и меѓу другото остануваат, пред се со помал број на вработени најголемите министерства, како што се Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и Министерството за здравство. По кој критериум Владата врз основа на ваков закон ќе ги прогласи токму тие луѓе за вишок во државната администрација и по кој критериум сите тие ново примени од први, кои што ги примила оваа Влада, си ги прогласи за лица кои ќе и обезбедат на нашата државна администрација да работи на еден модерен, ефикасен и стручен начин.

Оттука, сметам дека всушност оваа мерка е сосема спротивна од усвоената стратегија, наспроти тоа што, како што беше меѓу другото речено и во излагањето на

господинот Гештаковски, со овој закон навистина се доведуваат во не еднаква положба мажите и жените, оние кои што ќе заминат со овој закон во предвремена пензија.

Следната работа што е многу нелогична во поглед на овој закон, тоа е ако се сеќавате, пред една година оваа Влада предложи закон,со кој што се укина Законот за стимулирање на новите вработени, со образложение дека не треба да се даваат буџетски средства на тој начин се нови вработувања, а сега практично на товар на Буџетот ќе бидат сите овие кои што ќе отидат во пензија. Од една страна, значи, со буџетски средства се штедат за да се спречи нови вработувања, а од друга страна со нив практично се смалува и бројот меѓу вработените. Тоа се сосема нелогични мерки во комплетната стратегија. И она што мислам дека е исто така нелогично, ако веќе Владата најавува дека пакетот на закони за реформата на државната администрација веќе е поминат во владина процедура, тогаш би било многу логично, еден ваков закон, кој што се најавува како дел од пакетот на реформските закони во сферата на државната администрација, дојде заедно со тој пакет на закони и да се гледа во корелација со бројот на смалувањето на Министерството, во корелација со новиот модел на државната администрација и во корелација со она дали воопшто се потребни опстојувањата на некои од буџетските установи, кои што постојат сега во Македонија.

На крајот, овој закон ни се наложува да го донесеме под итна постапка во ситуација кога исто така еден закон пред година и нешто беше најавуван дека ќе биде донесен само во рок од три месеци по преземањето на власта, а тој закон се викаше Закон за спречување на корупцијата. Тој закон се уште се наоѓа во некоја процедура и не им паѓа на ум на оваа власт да го донесат во овој парламентарен дом и конечно да помине како закон, кој исто така е дел од наводната реформа на државната администрација.

Меѓутоа, тој заборавен закон се остави настрана, а под итна процедура ни се донесува закон за предвремено пензионирање со кој всушност нема да се направи ништо, туку само ќе се легализираат новите вработувања што ги има направено оваа власт во овој период, ќе се отпуштат луѓе по критериумот на возраст независно од степенот на нивната способност, стручност,потребност во рамките на државната администрација и на тој начин всушност само ќе биде оштетена способноста на државната администрација, а тоа е сосема спротивно од усвоената стратегија од оваа Влада за реформа на државната администрација.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги.

Сакам да кажам неколку збора, а ме мотивира излагањето на претходниот говорник и тоа во делот каде што кажа дека, носењето на ваквиот закон претставува цинизам од Владата.

Би кажал нешто што колегата на Законодавно - правната комисија се искажа би кажал само неколку реченици кои би се однесувале на колегата, кога ќе зборува за цинизам, цинизам е токму неговото присуство на таа Комисија, бидејќи во овие две години колку сме пратеници во овој состав дали два - три пати има дојдено на таа комисија, јас воопшто не се сеќавам кога ги изнел своите гледања во врска со овој закон. Би ми било чест неговото присуство на Комисијата и на тоа место ги расчистиме работите, бидејќи токму на таа комисија се расправа по однос на тоа дали има потреба носењето од тој закон и дали е во согласност со Уставот и законите, а целата негова дискусија се однесува токму на тоа што на Комисијата би го расчистиле. На таа комисија едногласно прифативме дека има потреба од носење на овој закон, дали е цинички или не, имаше дебата се кажа, во согласност со сите реформски процеси кои ги презема оваа Влада и точно неговото излагање не е во духот на оваа расправа. Сето тоа што го кажа сега колегата можеше да го каже на Комисијата, а не вака на јавна говорница ни држи предавање и ја доведува јавноста во заблуда. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пак се јави господинот Горѓи Спасов, сега за реплика.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Буквално од збор до збор сето ова што го кажав од парламентарната говорница го кажав и на Комисијата, жал ми е колегата веројатно не присуствувал и немал прилика тоа да го слушне, ги употребил истите зборови дека всушност е цинизам еден

ваков закон да се прикажува за суштина на реформата на државната администрација и со него да се започнува реформата на државната администрација, за која треба да се добие јавна поддршка и за која СДСМ и неговата пратеничка група особено се заинтересирани да биде изведена во што е можно покус рок и со поддршка од сите граѓани на Македонија, на кои всушност таа реформа на државната администрација треба да им обезбеди навистина еден ефикасен систем на управување, по евтин систем, по ефикасен систем на управување и нешто што ќе им овозможи да функционираат сите реформи во другите сфери, кои се започнати како економската, политичката па дури и светата на надворешната политика.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Уште еднаш му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов.

За збор се јави пак пратеникот Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Ако на колегата Спасов не му е јасно дали сум бил присутен или не може слободно да ги провери сите записници кои ни доаѓаат од ЗПК и да види кој е нај редовен на таа Комисија. Тоа е едно.

Второ, јас ќе го потсетам колегата Спасов токму на таа комисија присуствуваше на првата точка, не знам дали ја дослуша до крај кога ја напушти истата. Постојат записници може да провери.

За да не ни држи предавање овде на јавна говорница јас го повикувам да доаѓа редовно на Комисијата за да таквите прашања ги решаваме таму каде им е местото. ЗПК е токму таква комисија каде ги утврдуваме сите излагања дали има потреба од донесување на закон или нема, а не сега кога апсолутно апстинира од работата на Комисијата за која еве и претседателот е тука може да каже претседателот на Комисијата дури со писмено барање се обрати до координаторот на нивната пратеничка група да ни достават нов член. Воопшто не е место да ни држи предавања колку е циничен законот и т.н.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, би сакал нешто да проговорам во врска со една теза која упорно се провлекува во врска со овој закон, а која упорно е пласирана од страна на СДСМ, тоа е дека овој закон во суштина воопшто не е реформски и дека всушност решението било да не сме примиле 4000 - 5000 вработени во администрацијата, тогаш се би било во ред и немало потреба да го донесеме овој закон.

Кога доаѓа предлог од Владата кој во себе го носи зборот "реформски", јасно е дека опозицијата има легитимно право да го критикува овој закон работата е што самата опозиција не е самокритична. Ако веќе се употребуваат такви зборови дека, вие во рок од година ипол примивте 4000 вработени немаше потреба, тогаш примените ја истата таа самокритика на себе си затоа што вие само за месец дена од октомври до ноември 1998 година вработивте 2000 луѓе за да се спасите од поразот на парламентарните избори. Меѓутоа, не се спасивте.

Сега, што требаше да направи оваа Влада? Да ги отпушти тие луѓе вие што ги вработивте? Сепак млад човек ако нашол работно место тоа е за ценење. Оваа Влада не го направи тој потег. Овој закон што сега се предлага сепак е реформски без разлика дали опозицијата ќе тврди дека не е реформски, но сепак целта на ваквите искажувања според мене, е дека мотивот односно основата на ваквите критики, мотивот е да се отежни ситуацијата во земјата по секоја цена. Ако треба реформски закон да се одложи максимално неговото донесување. Ако треба да се донесе реформски закон да се критикува дека не е реформски. Целта е да се отежни ситуацијата максимално можно по логиката колку полошо во државата толку подобро за нас од опозицијата. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Данило Глигоровски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, добивам впечаток по колку инспиративни дискусии дека уште по реформски би било да пензионираме 20.000 службеници од државната администрација. Тоа би било четири пати поголема реформа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски.

Дали друг бара збор?

Повторно за збор се јави господинот пратеник Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Еве господинот пратеник Никола Поповски, веќе доби инспирација да предложи таков закон, јас би сакал да го видам тој закон, со кој 20.000 луѓе ќе отпушти.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави господинот пратеник Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, сакам само да ве потсетам и вас и македонската јавност дека, ние пред многу години имавме ваква слична трансформација во стопанството. Ние многу добро знаеме колку стручњаци излегоа на улица и тоа добри стручњаци, кои работеа по фабриките инжинери со по 30 години стаж, меѓутоа, стопанството тоа го издржа. Имавме технолошки вишоци, имавме економски вишоци и администрацијата и Парламентот во тоа време вакви жалопојки не правеше.

Не ми е јасно зошто кога е во духот на реформата кога е создавана администрацијата, сите знаеме дека треба да се намали се прават вакви дискусии, се надмудруваме овде. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Љупчо Анушев.

За збор се јави господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пред нас е еден закон за кој воопшто не треба да спориме дека треба да се донесе. Јас потполно ги уважувам загрижеността од страна на опозицијата, бидејќи дел од нивната поставена мрежа во Република Македонија ќе им се руши на овој начин, бидејќи голем дел од тие луѓе веќе партиски и идеолошки се имаат определено уште од минатото, исто така овие мерки кои се преземаа во овие девет години во Република Македонија од страна на поранешната власт, исто така ќе бидат малку нарушени, меѓутоа сакам да кажам нешто друго.

Без разлика на тоа кој како ќе ги сфати овие закони што ги донесуваме, а ние со право ги нарекуваме реформски и навистина се реформски. Во секоја реформа има и болни страни, има и тешки страни, но тие мора да се надминат во одреден степен од развојот на една држава.

Историјата не случајно покажала и докажала дека клучни империи во светската цивилизација пропаднале токму од таквата бирократија и корумпираност која владее во една држава или во една империја.

Земете ја турската империја, земете ја римската империја, ако сакате земете ја руската империја. Поранешниот премиер (мисли на господинот Бранко Црвенковски, кој во тоа време излегува од салата) му се слоши па сака да го напушти Парламентот, бидејќи тоа е дел од неговиот манир на однесување и како поранешен премиер и како голем државник во оваа држава Република Македонија.

Јас добро ја познавам неговата особина и неговиот нарав, тој е типичен бирократски елемент растен на асфалт и тој не знае во државата што значи да се работи. Господинот Анушев, токму ме поттикна да говорам. Да ви кажам зошто.

Затоа што девет години намерно испуштивме толку квалификувани луѓе на улица, запустивме толку квалитетни фабрики кои работеа со големи партнери ширум светот. Затворивме толку фабрики без око да ни трепне за квалитетните стручни луѓе, кои оваа држава ги финансирала преку образовните институции од основно, средно, до факултативно образование, па ако сакате и магистерски и докторски дизертации.

Значи, во овие девет години ништо не не загрижи што испуштивме такви квалитетни луѓе, некои ги пуштивме да печалат во Америка, Канада, Австралија, Германија, сега не загрижува заради еден грст одредени луѓе, кои ќе си одат не заради тоа што некој ги отстранил од оваа држава, заради тоа што има потреба да си одат поминале извесен век на работа и ќе си одат сосема заштитени во пензија. Значи ние не направивме дискриминација спрема овие луѓе. Тие ќе бидат потполно згрижени луѓе, ќе си имаат пензија и на нивно место, е тука е прашањето, дали ние сега како продлабочени реформи ќе успееме токму тие квалитетни луѓе што следат после нив ќе ги вклучиме во администрацијата во државата и дали со други додатни мерки ќе успееме до крај да ги квалификуваме, затоа што знам дека и во поновите вработени има недоволно квалификувани и оспособени, ќе успееме да ги дотераме на таков образец за да можат да работат во согласност и духот со она што го викаме реформа во оваа држава и во духот на она што го викаме асоцирање со Европската заедница и заради некои европски стандарди, па ако сакате и светски стандарди.

Значи, постојат дилеми што опозицијата е загрижена дали навистина некои луѓе навистина според својот квалитет ќе најдат соодветно работно место или опозиција во дотичното министерство или во дотичната установа за да можат да го дадат својот максимум. Тоа е навистина прашаше за кое треба да се говори. Но, за ова прашање дека навистина со овој закон ќе одат во пензија згрижени луѓе не треба да го ставаме во дилема. Ова е еден чисто политички натпревар што се води овде во Собранието на РМ. Гледате сега од една страна опозицијата е загрижена за тие луѓе кои ќе си одат од администрацијата на Република Македонија, па ние ќе останеме без администрација како да во претходните години и наредните години што ќе доаѓаат оваа Македонија нема да продуцира квалитетни кадри, кои треба да најдат место во сите институции и стопанството на Република Македонија. Затоа не треба да бидеме толку скептици.

Меѓутоа, јас велам и тврдо стојам на тоа, порано на два пати зборував на таа тема, квалитетните луѓе мора да дојдат до израз, но исто така мораме да правиме посебна селекција во било кои служби да ни дојдат такви луѓе кои ќе можат да го дадат максимумот, затоа што сега е време на XXI-иот век, не можеме да импровизираме со било каков човек постави го како фигура и ќе очекуваме било какви резултати.

Ако овие реформи ги правиме само заради тоа за да задоволиме одредени партиски апетити, тогаш би било погубно за нас како позиција и како Влада, меѓутоа, сакам да укажам и на еден друг факт.

Почитувани пратеници, почитувана јавност, што не следите денеска. На времето добро знаете сте прочитале и сте следеле Христос како еден филозоф, со едно ново учење му даде еден нов тек на целото човештво и целата човечка цивилизација. Од неговото учење е поставен еден нов век, една нова ера на сознанија во светската цивилизација. Но, за жал, иако беше напреден за тоа време од своето постоење беше распнат на крст заради правдата и заради она што сакаше да победи како човечно, како напредно во светската цивилизација. Беше распнат на крст и заврши трагично.

Исто сакам да потенцирам ние како Влада, како позиција ќе ги направиме овие реформи во интерес на Република Македонија, во интерес на тоа да се доближиме до светските и европските мигови, тоа е нашата цел и ако треба да загубиме на наредните избори ние мораме до крај да издржиме на овој курс, бидејќи друг излез нема. Ние бевме тие што 1990 година заговаравме дека Македонија може сама, може самостојна да опстанува и видовте дека опстанува. Денеска како вторник ќе докажеме дека и со овие реформи Македонија ќе успее да се вклучи во Европската Унија и понатаму нашата држава да оди и да чекори напред. Ова е клучен миг овие реформи да успеат па макар и да ги изгубиме наредните избори. Но, мислам дека ќе ги добиеме во спротивност од она што го мисли опозицијата. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Ѓорѓи Котевски.

За збор се јави господинот пратеник Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, на претходната расправа по Предлогот на законот за предвремено пензио-нирање од моја страна поставив неколку прашања до министерот кој во тоа време беше присутен и очекував дека по одлаган>е на расправата и добивање во време од страна на Министерството на денешната седница навистина ќе имаме конкретни показатели за да можеме навистина да кажеме дека овој закон е реформски и да нема излегување на говорница и говорење од место удирање во гради дека е реформски и удирање во гради дека не е реформски.

Прашањата беа многу јасно поставени, баравме да добиеме информација колку има вработено во администрацијата и колку од тие вработени треба да бидат намалени за да навистина бидеме реформски ориентирани. Ако вработиме 4800, а намалиме 3200 не знам со бројка да кажеме што е тука реформа. На тоа прашање министерот не даде одговор. Во исто време поставивме прашање иако беше министер за правда, дека членот во кој почетниот, основниот услов за пензионирање за маж и жена треба да биде подеднакво ист, министерот не го прифаќаше, но еве направил дополнителни консултации, добро е што амандманот на Александар Гештаковски ќе биде прифатен.

Значи, опозицијата конструктивно дискутираше по оваа работа, конструктивно укажа дека навистина се прави еден преседан, кој не трпи пред Уставниот суд уставност и ќе падне.

Меѓутоа за да навистина биде тоа реформски закон мораме овие показатели

да ги имаме или да ги имаме показателите околу образование. Јасно е дека во образованието ако одат 2200 вработени ние пратениците, меѓутоа многу подобро е ако Министерството кое го предлага тоа го каже најмалку 1900 мораат да бидат вработени, мора да се учи, мора да постојат паралелки. И тогаш јасно да кажеме дека со овој закон во оваа 2000-та година правиме реформи на толку и толку административни работници. Мора овој закон да го прати и нов закон дека нема нови вработувања во администрацијата, веќе не можеме да им веруваме на одлуките на Владата, Владата донесе одлука во јавните претпријатија да нема вработувања, меѓутоа при крајот на март и почетокот на април во сите јавни претпријатија има нови вработувања. Тоа ли е реформа? Ако сакаме да се докажуваме дека сме реформски ориентирани, тогаш овие работи мораме во пакет да ги донесеме. Што ако утре прочитаме низ сите административни служби нови конкурси или превземање сега како што е модерно, веќе нема конкурси, се превземаат работници. Што правиме со тоа? Дали навистина сме во реформа. меѓутоа, сега по некои дискусии овде човек мора да прифати дека ќе му е јасно. Не се работи за права реформа. Се работи по излагање на некој да се растури некаква си замислена мрежа, мрежа не смее да постои. Мора да постои -реформски закон со реформски ориентирани показатели, кои навистина ќе не водат на патот кој го бара и позицијата и опозицијата. Ако е само да се растури некоја мрежа, се прашувам колку тие луѓе биле членови на една партија, или на друга, или на трета. Сето тоа е произволно и неточно. Се прашувам уште нешто како граѓанин на Македонија, дали навистина со овој закон многу високи функционери или многу високи чинови да кажам од одбрана ќе мора да заминат во пензија, иако за да дојдат до тој степен вложувани се огромни средства, професионално оформени, зошто такви показатели немаме, за да навистина заеднички како што по некои закони, да кажам Законот за здравствено осигурување кој претходните две фази ги помина во поранешниот Парламент, меѓутоа едногласно сите го усвоивме, но со една анализа, образложение од триесет и неколку страници. Овде немаме никаква анализа, никакво образложение. Единствено добро образложение е некој што рече: "Ќе ви ја растуриме некаква замислена мрежа". Тоа не е добро решение, не е добро решение за Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИЛЈАЗ ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, претставници од Владата, колеги пратеници, се вели Владата ќе ги пратела во пензија поискусните, нај заслужните, не знам за што се нај заслужни, а ќе примела млади, со партиски книшки, неискусни и со тоа ќе се исполитизира состојбата. Јас не знам од каде толку видовитост како ќе се направи, што ќе се прави натаму и од каде толку недоверба во младите, иако знаеме дека последните десет години вработување нема, триесетина години е возраста на луѓето кој што можеби тука некаде е и просекот на оние кои чекаат вработувања. Да не заборавиме дека премиерот на претходната Влада и сегашниот премиер се луѓе едвај околу триесеттата, на дваесет години, на дваесет и пет години влегоа во политиката мошне успешно, според мене и добар дел од младите кои се вклучени во партиите, во сите партии, мислам дека многу одговорно се носат со функциите кои ги заземаат. Да не заборавиме дека и НОВ ја извојувале луѓе со 20 до 25, па и помалку од 20 години. Ако се земе да се погледа составот на тогашните централни комитети и т.н., ќе се види просекот на возраста. Не знам од каде, поготово мене ми е чудно од млади луѓе во опозицијата толку сомнеж во младите што ќе дојдат. Јас сум професор повеќе од 27 години во средно училиште и да ви кажам младите кои што доаѓаат се неверојатно способни, кадарни и на тие луѓе треба да се остави да ја водат оваа држава и верувам дека многу поуспешно ќе го прават од сите нас кои што сме сега во власта. Довербата мора да се даде во тие луѓе, мора да се верува во нив. Убаво рече еден од дискутантите дека добар дел од нив веќе ја напуштаат земјата, земјата ја напуштија, барајќи за нив подобро небо, подобри услови за живот и за работа. Не смееме да се однесуваме вака, не смееме да ја затвараме администрацијата. Ако е кадарна оваа администрација, посебно луѓето во администрацијата, вработените, професионалците, можам да кажам дека таа не доведе до оваа ситуација. Тргнете по шалтерите да одите, ќе видите уште како се однесува, посебно последните месеци, да ви кажам искрено дека се исмејува оваа власт од тие административни работници, се кочи намерно, реформите се кочат, сака да се покаже на секој шалтер дека оваа власт е неспособна.

Тоа го почувствував пред ден, два на еден шалтер, 15 - 20 луѓе чекаат,

шалтерскиот работник гајле нема, доаѓа од пауза, продолжува пак оди на пауза и т.н. Мора да се стават одговорни луѓе не бирајќи од која партија се и каде припаѓаат. И верувам дека многу од луѓето кои се на пониски функции во администрацијата, сега откако ќе ги заземат местата, се разбира откако, еве ако има некои што се на поодговорни места што ќе се пензионираат, многу поодговорно ќе се однесуваат и ќе знаат да го ценат тоа работно место. Дури и еве посебно во образованието, се разбира тоа ми е совршено јасно дека ќе мора да се примат можеби не толку, но најмалку 80% до 90% од оние што ќе отидат во пензија, ќе мора да се заменат со нови кадри, затоа што паралелката е паралелка, часот е час. Меѓутоа, не било реформа, е реформа тоа се луѓе кои наполниле по 30 до 35 години, нека повелат луѓето кои што дискутираат за да отседат еден час, а не пет часа на таквите наставници. Тие луѓе не дека се неспособни, меѓутоа нивната работоспособност со времето се намалила, нивниот мотив се намалил. Се разбира, младиот човек кога ќе дојде има амбиции, има цели во животот. Пред него се триесетина, четириесет години предизвик, работен век и сака да придонесе, а кај овие луѓе ако не оваа година, ако не наредната, наредните 4,5 години тој оди во пензија секако.

Мислам дека ќе направиме добро посебно во образованието ќе биде едно извонредно освежување, извонредно, затоа што на добар дел треба да и се заблагодариме на тие луѓе, секако дека направиле голем придонес во образованието на кадрите кои поминале низ нивните раце.

Втор пат се јавувам за дискусија, го поддржувам овој закон, сметам дека е реформски и дека дефинитивно ќе се почувствуваат овие реформи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас ќе почнам со ова со што заврши претходниот дискутант.

Ама баш никаква врска овој закон нема со реформите. Но, не е тоа трагедијата, трагедијата е што и Владата нема врска со реформите. Ги слушам тука емотивните дискусии на позицијата како по секоја цена сакаат да ја оправдаат оваа сеча на администрацијата, не бирајќи аргументи и повикувајќи се на минатото и т.н. и влевајќи тука крокодилски солзи за добриот кадар што ни заминал, па каде бевме и т.н.

Господа, никој не е против тоа да се направи реформа, поготово во јавната администрација. За тоа постои консензус, затоа постои поддршка од Советот на Европа, од Европската Унија и од сите меѓународни релевантни асоцијации, кои ја следат работата на овие органи и движењето на Македонија кон приближување и асоцирање во Евроатланските интеграциони процеси.

Но, кога се поставува прашањето како реформите, кои се реформите, во кој правец треба да се движи Македонија, тука веќе имаме дилеми, имаме и разлики да не речам дури и не премостливи, затоа што развојните концепции ни се различни. Не може да се тврди дека некој е против реформа на јавната администрација ако бара подобри услови за луѓето, кои ќе бидат под удар на оваа реформа, односно луѓето кои ќе се отпуштаат од работа, односно принудно предвремено административно ќе се пензионираат. И во тоа е разликата. Опозицијата бара подобри услови за луѓето кои ќе бидат принудно пензионирани. Никој не тврди дека не треба да има намалување на јавната администрација. Но, не можете да не убедите дека ова што го правите е тоа, од причина што за да не убедите претходно треба да имате добра анализа поткрепена со податоци, колкав е тој број на јавната администрација, колкав е тој број што ќе биде под удар на законот, во кои работни места и кои ресори, што во меѓувреме ќе се направи и т.н. Доколку имаше таква анализа со аргументи и податоци, тогаш никој не е глуп да остане рамнодушен и заради некои лични каприци да се спротивставува на проектот. Ние и ден денес не слушнавме од ресорното министерство колку луѓе ќе бидат под удар на овој закон, што се прави во меѓувреме, дали има можност да се подобрат условите за предвремено пензионирање, што ќе значи тоа за Буџетот на Република Македонија, од каде ќе се алиментираат тие пензии, што ќе значи тоа за Фондот за ПИО и т.н. Затоа сосема ми е не прифатлива дискусијата на г-динот Ѓорѓи Котевски кој повикувајќи се на некои поранешни зафати за промени на општествено - економскиот систем во РМ, сака да бара поткрепа и утеха за да се оправдаат вакви непромислени потези на оваа Влада. Каков е овој реформски зафат и закон кога во меѓувреме ние не знаеме ништо со пакетот на закони за реформа на јавната администрација. Зарем мислите дека отпуштањето на 6 до 7 илјади, или колку ќе бидат луѓе, значи сам по себе актот реформа. Реформа значи да се

донесат пакет на закони, со кои на поинакви основи ќе се постави јавната администрација, на поинакви основи ќе се избираат луѓето кои ги вршат своите дејности, со поинакви критериуми, со поинакви задолженија, со поинакви надлежности и т.н. Тоа е реформата. не е реформата предвреме ќе ги пензионираме 6 илјади, 7 илјади и овој ни бил реформски закон.

И оваа Влада дури има доблест пред јавноста да се оправдува како имала храброст да преземе ваков чекор. Навистина има храброст оваа Влада да преземе ваков чекор, но немајќи ги во предвид последиците кои по себе ги носи овој закон и се разбира без компас за тоа каде оди јавната администрација, на крајот на краиштата и во целина државата. Нека понудат пакети комплетни за реформа на администрацијата, нека понудат точна анализа што значи ова. Никој во ова Собрание нема да биде рамнодушен и од свои лични или други интереси да не ги поддржи таквите закони.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, немав намера да се јавам за дискусија, но дискусиите на некои мои колеги ме натераа да се пријавам за дискусија. Но, како по обичај ќе бидам краток. Толку врева се дигна по овој Предлог закон, еве и јас некои дискусии од моите претходни дискутанти ги прифаќам, бидејќи велат дека овој Предлог закон не е добар. Но, јас ќе земам само еден пример и тоа, колку да е лош овој закон треба да се усвои, бидејќи тие што се пензионираат се обезбедени. А најмногу ќе биде од корист за тие граѓани кои од Заводот за вработување ќе се вработуваат, а нема да се пензионираат без ниеден ден стаж. Затоа овој Предлог закон треба да се усвои, бидејќи е во корист на граѓаните. Нормално е тоа дека некои од колегите од опозицијата се загрижени за иднината на тие што ќе се пензионираат. Па што има лошо во тоа ако се пензионира и некој млад пензионер. Ние знаеме каков ни е стандардот во државата и колку ни се личните примања. Јас тука не гледам дека ако некој млад човек се пензионира и ако му помогне на семејството и од друга страна. Јас мислам дека овој Предлог закон треба да се прифати дека нема лоша намера.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани претставници од Владата, почитувани пратеници, слушаме во текот на расправата, без разлика дали сме пратеници од позиција или од опозиција, меѓутоа гледам едно што не ми е и мене јасно, не ми било никогаш јасно, па не ми е ни денеска дека, секој работите ги гледа од своја гледна точка. Ние тука треба некои работи да ги гледаме тоа што е во интерес на сите и како парламентарци да го дадеме својот придонес за да дојдеме до одредени заклучоци, кои ќе бидат за добробит на сите граѓани во РМ, да продолжиме, или со започнатите реформи, ама да не одиме во штета на одредена, или на една категорија на луѓе, како што е со овој закон.

Јас тука би нагласил само еден сегмент од сето тоа. Сите во РМ знаат дека ние, нашиот глас се чул и повеќе години наназад околу образованието во Република Македонија. Сите треба да знаеме и да бидеме свесни па и тоа што ние секогаш сме истакнувале дека имаме дефицит во наставниот кадар за средното и основното образование на Албанците во РМ.

Дали со овој закон правиме добро, или лошо? Јас мислам дека правиме лошо поради тоа што ќе ја оштетиме една цела генерација што доаѓа после нас, или генерации кои што доаѓаат после нас, заради тоа што ќе немаме кадар кој да предава во тие основни и средни училишта.

Со овој закон што се предлага овде пред Собранието, ќе одат над 2000 просветни работници кои работат во основното и во средното образование. Како тие ќе бидат заменети, дали ќе најдеме соодветна замена за нив кога велиме дека имаме дефицит, немаме кадар кој треба да предава во тие основни и средни училишта. Затоа јас мислам дека тука ќе треба да се направат напори и во овој сегмент да не се чепка ништо. А зошто немаме кадар, се знае, дипломите од тетовскиот Универзитет оваа Влада и оваа држава не ги признава, не се нострифицираат дипломите на студентите кои студираат на албанските универзитети во Албанија или од приштинскиот факултет.

Затоа мислам дека во овој сегмент треба да направиме нешто за да ги изземеме тие наставници, како што ги изземавме професорите од високото образование. Сега прашањето се поставува дали сакаме идните генерации да излезат со еден лош

квалитет на ученици од своите, врсници Македонци и други, кои се во Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

За збор се јави господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа.

Ние деведесетите години се определивме низ еден транзиционен период да извршиме промени во целокупниот општествено - политички живот, а тие промени се определивме да ги направиме низ едни реформи, кои нормално ќе траат и подолго и реформи кои практично во својата примена ќе имаат и позитивни и негативни ефекти.

Меѓутоа, ние тогаш а и праксата и времето покажа дека тие реформи најнапред треба да се направат во економската сфера, а тоа значи да се отстранат остатоците во сферата на економијата, да се изврши трансформација на капиталот, да се извршат промени во структурата на економијата, да се отворат нови инвестициони процеси, да се овозможи отворање на нови работни места па потоа да се создадат услови да се направат реформи во останатиот општествено - политички живот, а тоа значи да се направат реформи во образованието, реформи во здравството, еве реформи во администрацијата, реформи, ако сакате, се она што почива на трошењето на буџетските средства со цел да се смали тој огин на потрошувачка и да се растовари економијата и голем дел од тие средства да се насочат во развојот на економските процеси.

Јас сум човек кој долго паметам и можам да ви кажам дека во овој мој временски период и работен век имало голем број на реформи во сите области па и во оваа област, во администрацијата. За мене ќе беше сосема нормално таквите реформи во администрацијата да се развиваа непрекинато од деведесетите години, со тоа што значаен дел од администрацијата и луѓето кои работеа во администрацијата да покажеа поголем интерес, економски интерес, да излезат од администрацијата и да започнат да се занимаваат со бизниси.

Тоа значи, не некој да ги принудува и со административни мерки да ги брка, туку со економски мерки, економски интерес сами да излегуваат од оваа област и да бидат во другите области кои обезбедуваат високи профити. За жал реформите во економијата не се одвиваа така како што требаше, а исто така и во голема мера тие реформи се зауставија од разни причини, за кои јас тука не сакам да зборувам и ние сега под име на реформи правиме зафати кои практично не претставуваат реформи.

Јас можам слободно да ви кажам и денес тоа го тврдам, а и времето ќе покаже, ние имаме случаи кога голем дел од овие административни работници сега ќе отидат со ваква или онаква пензија и тие повторно ќе бидат товар на стопанството, на Буџетот, затоа што тие не одат во некоја сфера каде што треба да остваруваат материјално богатство и кога низ создавање на тоа материјално богатство создаваат услови за свој живот, а исто така и услови на останатите луѓе во државата и на некој начин придонесуваат и за собирање на буџетски средства, кои се користат за цели потребни за државата. Токму овие луѓе ќе се појават и понатаму како потрошувачи на материјални средства, затоа што некој на нив треба да им обезбеди и такви лоши пензии. Од друга страна ќе бидеме сведоци, тоа добро го запамтете дека, тие административни места, под плаштот дека се примаат млади стручни и квалитетни кадри, ќе се пополнат со нови вработувања. Ова не е само својствено на оваа Влада и на оваа гарнитура која владее сега. Тоа е својствено во последните 50 години. И не случајно е кажано дека, администрацијата е многу жилава работа и никој на крај со неа не излегол.

Во светот ваквите решенија одат во два правци. Едниот правец, луѓето кои одат во редовни пензии не се пополнуваат со нови вработувања, туку по некоја хиерархија која се создава со години, доаѓаат луѓе веќе вработени во администрацијата, но луѓе кои се оквалификувани, кои поминале низ едни подолги процеси на обука, на квалификации, поминале низ процеси на контроли, испити и т.н., за што постојат многу методи и реформи.

Вториот начин е да се дестимулира вработувањето во овие области со отворањето на многу по атрактивни работни места во другите области.

Познати се вакви мерки воопшто во светот, не само во областа на администрацијата, туку во многу други области, кога со административни мерки се оттргнувани одредени луѓе и одредена структура на луѓе кои припаѓале на некоја друга иконографија, а после тоа, тоа се

осеќало со страшни последици на квалитетот на извршувањето на понатамошните работи, затоа што секој процес кој се решава административно, а не доаѓа како резултат на подготвување на кадри во тој домен тие за еден временски период покажуваат страшни негативни ефекти. Тоа се однесува за другите области, тоа се работи кои се прават такви крупни зафати во Армијата, во полицијата и т.н. Според тоа, јас сум за реформи, сум за промени и ние за тоа сме се определиле, но тоа да не се прави кампањски, да не се прави на начини кои практично се исполитизирани и кои можат да предизвикаат поголеми последици.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

Има збор пратеникот Биљал Лутвиу.

**БИЉАЛ ЛУТВИУ:**

Господине претседателе, сакав да се вклучам во оваа расправа и да истакнам дека сите сме за реформи, но разликата меѓу опозицијата и позицијата е во тоа што, општо земено опозицијата е за реформа со зборови, теоретски реформи, а позицијата со дело. Затоа, јас ќе го поддржам овој закон од причина што е прв чекор кон рационализација на вработените во државната администрација.

Не би сакал многу да се задржувам и да кажам дека ќе го поддржам овој Предлог на закон и на крајот сосема на кратко да додадам.

Овде беа спомнати, од страна на некои пратеници работи за основното и средното образование и кажувам дека не држи констатацијата дека ќе нема кадар, а дотолку повеќе не држи констатацијата дека новите кадри било каде да дипломирале тие не се така способни па така логично, според тој дискутант не би бил наставниот процес на нивото што е сега. Го кажувам тоа од причина што луѓето кои дипломирале не се дипломирани од некои луѓе овде и ние имаме морално право така да констатираме, туку се дипломирани со знаење во институциите каде што се дипломира и одговорноста на компетентните е и апсолутно немаме морално право да се сомневаме во тие дипломи.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на господинот пратеник Биљал Лутвиу.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандмани за додавање нов член 3-а по членот 3, за менување на член 5 и на член 8 и истите ги повлече.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман за додавање нов член 2-а по член 2 и за менување на член 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благој Ханџиски и Александар Гештаковски поднесоа амандман за менување на член 8 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2, член 3 став 1, член 5 и на член 8 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Трајко Гешовски, Никола Јованов, Саво Климовски, Радомир Карангелевски, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски Алија Шахиќ и Амди Бајрам поднесоа амандмани на член 1, за менување на член 2 за додавање нов член 3-а и на член 8, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ризван Сулејмани поднесе амандман на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за менување на став 2, поднесен од пратениците Трајко Гешовски, Никола Јованов, Саво Климовски, Радомир Карангелевски, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски, Илија Шахиќ и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на членот 1 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, но овде мониторот покажува дека 71 пратеник се присутни.

Молам уште еднаш да го повториме гласањето, веројатно да нема некоја грешка при пресметувањето.

Молам да гласаме уште еднаш.

Вкупно гласаа 63 пратеници. За гласаа 23 пратеници, воздржани 6 и против 34.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а, поднесен од пратениците Трајко Гешовски, Никола Јованов, Саво Климовски, Радомир Карангелевски, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски, Алија Шахиќ и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратени, за гласале 11, воздржани 6 и против 43 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 3-а, поднесен од пратениците Трајко Гешовски, Никола Јованов, Саво Климовски, Радомир Карангелевски, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски, Алија Шахиќ и Амди Бајрам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со овој амандман? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (Пратениците гласаат).

Ќе ве молам уште еднаш ако може да се повтори гласањето, затоа што некој од пратениците не гласаа поради тоа што не ги имале картиците.

Вкупно гласаа 65 пратеници. 11 пратеници гласаа за, 7 пратеници се воздржаа од гласање и 47 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратениците Благој Ханџиски и Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратениците Трајко Гешовски, Никола Јованов, Саво Климовски, Радомир Карангелески, Ристо Спанаков,

Павле Тодоровски, Алија Шаќич и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г. пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Едно образложение, овој амандман се однесува на вработените во повеќе национални институции, како што е Институтот за национална историја, Институт за литература, Институт за македонски јазик и т.н., со образложение дека научните звања во јавните научни установи согласно Законот за научно - истражувачка дејност се изедначени со наставно - научните звања во високото образование.

Затоа сметаме дека овие кадри во овие институции, кои се од национален интерес на Република Македонија треба, исто така, да бидат предвидени во членот 8 од предложениот закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Никола Јованов.

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави г. п 13.
Даневски Слободан. Повелете. 14.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** 15.

Господине потпретседателе, 16.
господа пратеници. 17.

Либералнава партија ќе го г 18.
овој амандман. Благодарам.

Му благодарам на г. п 19.
Слободан Даневски. 20.

Дали некој друг бара збор. 21.

За збор се јави г. пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

Повелете г. Љубисав.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО:**

И Социјалистичката партија го поддржува овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро. Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласаа 65, за 26, воздржани 8 и 31 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8.

Процедурално. Повелете.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Бидејќи се сомневам во резултатите од гласањето, барам поединечно гласање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Колку пратеници му даваат поддршка на овој предлог да се гласа поединечно.

Добро, има доволен број и можеме да гласаме.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ – ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - отсутен
2. Абдурахман Алити - за
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - за
5. Стојан Андов - за
6. Кирил Андоновски - отсутен
7. Љупчо Анушев - за
8. Амди Бајрам - отсутен

9. 9.Фадил Бајрами - отсутен
10. 10.Димитар Баткоски - воздржан
11. 11.Мерсел Биљали -за
12. Валентина Божиновска - воздржана
13.Јордан Бошков - отсутен
14.Димитар Бузлевски - отсутен
15.Абдулади Вејсели - за
16.Слободан Гарчески - воздржан
17.Васил Гаџовски - воздржан
18.Михајло Георгиевски - за
19.Трајко Гешоски - за
20.Александар Гештаковски - за
21.Данило Глигороски - отсутен
22. Петар Гошев - за
23. Слободан Даневски - за
24. Замир Дика - отсутен
25. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
26. Илија Ѓоргиев - отсутен
27. Фатмир Етеми - против
28. Васил Ефтимов - воздржан
29. Насер Зибери - за
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - за
31. Мирко Иванов - отсутен

32. Илија Илоски - отсутен
33. Делче Ицков - против
34. Никола Јованов - за
35. Весна Јовановска - воздржана
36. Марика Јорданова - воздржана
37. Назми Кадриу - отсутен
38. Радомир Карангелески - отсутен
39. Жарко Караџоски - против
40. Митко Киров - против
41. Лазар Китаноски - за
42. Саво Климовски - отсутен
43. Стојан Ковачески - за
44. Ѓорѓи Котевски - воздржан
45. Чедомир Краљевски - воздржан
46. Илија Лазаров - против
47. Горанчо Лазов - отсутен
48. Алириза Лога - воздржан
49. Билал Љутфии - воздржан
50. Васе Манчев - отсутен
51. Наталија Марковиќ – Димова - за
52. Ѓулистана Марковска - отсутна
53. Диспина Марковска - против
54. Звонко Мирчески - против
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - за
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - воздржан
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - отсутен
62. Ванчо Панчев - отсутен
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - за
65. Чедо Петров - за
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - воздржан
68. Азис Положани - отсутен
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - за
71. Никола Поповски - за
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - за
74. Љупче Ристески - против
75. Ненад Ристовски - за
76. Нано Ружин\ - отсутен
77. Илјаз Сабриу - за
78. Аце Сајкоски - против
79. Аслан Селмани - за
80. Борче Сибиновски - против
81. Вангел Симев - отсутен
82. Ристо Спанаков - за
83. Крале Спанчевски - против
84. Ѓорѓи Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - воздржан
86. Наќе Стојановски - за
87. Томислав Стојановски - против
88. Воислав Стојаноски - против
89. Благој Стојковски - за
90. Златко Стојменов - воздржан
91. Владо Сугаревски - воздржан
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - за
94. Мухамед Таири - против
95. Александар Талевски - воздржан
96. Мевљан Тахири - воздржан
97. Митко Тилевски - воздржан
98. Ѓорѓи Тодоров - отсутен
99. Ристо Тодоров - отсутен
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - отсутен
102. Коце Трајаноски - воздржан
103. Горанчо Трајков - воздржан
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - воздржан
106. Борислав Трповски - за
107. Слободан Ќосев - отсутен
108. Илија Филиповски - отсутен
109. Александар Флоровски - воздржан
110. Илјаз Халими - за
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - за
113. Кастриот Хаџиреџа - за
114. Бранко Црвенковски - за
115. Миланчо Черкезов - воздржан
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - против
119. Алија Шахиќ - за
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

Господинот Амди Бајрам – за;

Господинот Димитар Бузлевски – за.

Дали има некој друг? (Нема).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вкупно гласаа 83 пратеници.

За амандманот гласаа 42 пратеници, против гласаа 16 пратеници, а од гласањето се воздржаа 25 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 8 поднесен од пратениците Трајко Гешовски, Никола Јованов, Саво Климовски, Радомир Карангелески, Ристо Спанаков, Павле Тодоровски, Алија Шакиќ и Амди Бајрам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЗОРАН СТОЈАНКИЌ:**

Владата не го прифаќа овој амандман од следниве причини.

Во Министерството за образование направени се анализи, кои укажуваат дека со одење во предвремена пензија нема да се наруши наставно - научниот процес.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави г. пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, амандманот кој го поднесов има една единствена цел да ги изедначи професорите вклучени во средното и основното образование со професорите на високото образование, а според расположението на пратениците сега гледаме дека на таа квота и се приклучија и други вработени од други институции.

Мислам дека ќе направиме голема неправда и нарушување на образованиот процес, ако овој амандман не се усвои. Посебно, иако анализите овде заменикот министер ги најави, но тие анализи нас како пратеници не ни се доставени, за да можеме ние навистина да се убедиме дека врз основа на тие анализи нема да дојде до нарушување на тој процес.

Јас сум длабоко убеден, а и искрено да ви кажам бев поттикнат од двајца претставници од средното и основното образование кои ми рекоа дека со еден ваков амандман, со кој им овозможуваме на пратениците по свое барање да може да го користат тоа право, а не по сила на закон да можат да идат предвремено во пензија, би се задоволило и нивното барање како професори во овие институции, а од друга страна нема ништо да се придонесе во рационализација на државната администрација, со оглед дека во образованието се уредени односите, така што тие се на основ на код на часови и на број на ученици.

Имајќи предвид што другите држави и ние како држава треба да направиме за образованието и дека таа спаѓа во една од најдобрите инвестиции, мислам дека ја сечеме гранката на која што седиме. Не знам која е логиката, дали навистина има логично оправдување дека со ова ќе се врши рационализација, кога се знае за истите тие професори, наставници кога ќе го напуштат работното место по основ на овој закон, ќе се примат исто толку наставници и професори. Затоа што ние не можеме и понатаму да ги редуцираме евентуално класовите, за што знаеме каква ни е ситуацијата. Денес во еден клас во основното образование учат дури по 37 ученици и дали воопшто има простор тоа и понатаму да се редуцира, односно да се зголеми тој број, ако евентуално само со тоа би можело да се придонесе во рационализацијата на администрацијата.

Изгледа нема никаква логика и никакво оправдување една таква можност која им ја дадовме на професорите од високото образование, кои со ништо не заслужиле, а уште повеќе дека тие можат подобро д се снајдат во животот со оглед на нивниот капацитет и во приватниот живот, продавајќи нивно знаење и умеење, а што ќе правата, како што отворено ми кажаа некои наставници, ако јас одржувам фамилија со 10.000, кога ќе изгубам 2.000 за исхрана и патарина, така што еден пензионер наставник ќе мора да живее и да одржува фамилија со 6.000 денари.

Ние како држава ништо не добиваме со оглед на тоа што тој станува товар на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, а знаеме дека Фондот во голема мера се уште се финансира од Буџетот.

Мислам дека пратениците ќе ја сфатат суштината на овој амандман и ќе гласаат за амандманот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ризван Сулејмани за овие појаснувања околу амандманот.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги. Сакам и јас во прилог на амандманот на господинот Сулејмани да кажам нешто.

Мислам дека кога се работи за образованието, поточно професори, односно наставници кои работат во основно и средно образование, треба малку работите да ги гледаме од еден друг агол. Точно е дека со години кон образованието нашето однесување, кога велам нашето мислам на нашето како Парламент и другите институции, не беше како што треба, затоа што секогаш се ставени во една ситуација, односно во една категорија на луѓе кои секогаш во нивните размислувања имаа дилеми да останат или да не останат во образованието.

Тоа се разбира се правеше и се прави, затоа што знаеме каков беше нивниот статус во последните години и во однос на нивните примања и во однос на условите во кои работат. Сега овие професори, односно наставници треба да бидат во иста категорија со универзитетските професори, со самиот факт дека тие сами треба да одлучат, односно доброволно да одлучат дали ќе одат во пензија или не. Јас сум сигурен и сигурна ми е претпоставката дека во образованието луѓето се определени за таа професија и тоа многу совесни луѓе и луѓе кои сами ќе одлучат ако се изморени, односно не можат понатаму да работат, тие сами ќе одлучат да го користат правото за предвремено пензионирање, односно да го почитуваат тоа што е со закон, меѓутоа, не административно, тоа значи со сила на законот, туку сами да одлучат за тоа. Јас сум сигурен еве ќе остане и стенограмот, седницата е јавна дека голем број на професори и наставници во основното и средното образование сами ќе одлучат да одат во пензија, со самиот факт дека не е лесно, ви велам само тие што работеле во образованието со години знаат дека не е лесно да се поминат 35 години во образованието.

Затоа мислам дека ова се факти да се поддржи амандманот на господинот Сулејмани и верувам од колегите пратеници, а што се однесува понатаму што ќе покаже и докаже праксата таа можност, за да не се сфати еве правиме проблеми околу тоа што значи реформи или со нов закон одиме кон реформите, ние пак, ако не се потврди ова што го велам јас, еве јас сум тој што меѓу првите ќе предложам со колегите пратеници измени и дополнувања на овој закон, каде ќе се опфатат и наставници и професори кои треба да одат во пензија под словото на законот, односно под таа одредба од законот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Има збор господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Имаме голем малер со предлозите што ги дава оваа Влада, меѓу кои и овој закон, каде што се мешаат баби и жаби. Впрочем, дискутиравме при општата расправа кога тенденцијата во светот да се намали администрацијата се меша со некои сегменти кои се дел од јавната потрошувачка, меѓутоа, тие се продуктивни по својата суштина. Во светот е познато дека технолошките иновации и знаењето се дејности или гранки на кои ќе се потпира развојот на човештвото во наредниот век. Ние имаме една ситуација кога заостануваме и од објективни причини во овие сфери да се доведуваме во уште потешка состојба.

Имаме таква состојба што е под секакви стандарди во светот за бројот на ученици, кои треба да следат настава во однос на бројот на наставниците, а таа состојба со овој Предлог на закон уште повеќе ја влошуваме. Сега ќе имаме уште поголеми проблеми, затоа што ќе имаме помал број наставници, а тоа значи ќе имаме на еден наставник повеќе ученици што ќе го отежне образовниот процес.

Аргументацијата која ја даде заменикот министер за мене е не прифатлива, затоа што ние не добивме аргументација. Впрочем, ние го вклучивме проблемот и нема да има проблеми. Ве молам, тоа не е одговор на претставник на Влада. Требаше во најмала рака да се каже дека имаме толку ученици, толку наставници, толку во општо образовните институции, толку во стручните школи и врз основа на тоа да се направи анализа, не мора да биде опширна, од тоа би согледале и би се увериле дека навистина е потребно така да се постапи во овој сектор.

Бидејќи го немаме тоа, а реков дека во светот се сосема спротивни тенденциите во поглед на образовниот процес, кој е столб на идниот развој на секоја држава, СДСМ ќе гласа за Предлогот на амандманот.

Истовремено, очекувам да гласаат сите оние пратеници кои гласаа за претходниот амандман, бидејќи аргументацијата е скоро идентична. Истите проблеми иако од друг вид, кои би се јавиле доколку не поминеше амандманот за научните работници, може да се случи да се јави како реперкусија и при овој амандман.

Мислам дека амандманот треба да се поддржи и очекувам од колегите од другите парламентарни групи, кои претходно гласаа и го поддржаа амандманот со слична содржина и практично со истите ефекти, мислам социјални ефекти, да го поддржат амандманот, кој е предложен од пратениците. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазар Китановски.

За збор се јави господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Во предлогот за поддршка на амандманот сакам да ги изнесам следните факти. Доколку се читаат внимателно причините поради кои се носи законот, ќе забележите два основни аргументи.

Првиот е да се намали бројот на вработените во јавната администрација, односно да настапи рационализација на администрацијата. Тоа намалување, само по себе не е цел, туку целта е преку намалување на бројот на вработените во јавната администрација, да се намали јавната давачка, односно да се олесни Буџетот од алиментирање на личните доходи и другите давачки на државата кон тие вработени. Тоа е основната цел зошто се предлага и зошто и Светската банка, ММФ и Европската унија инсистираат на помала и поефикасна администрација, заради намалување на јавната потрошувачка.

Кога е во прашање овој амандман, ниту првиот, ниту вториот, ефект од овој закон не може да се постигне.

Првиот, намалување на бројот на вработените, не може да се постигне од причина што, како што рече и предлагачот на амандманот, во воспитно образовниот процес бројот на вработените е врзан за фонд на часови и предмети. Од тука, не можете да направите рационализација, односно да оставите паралелка или предмет без наставник. Тоа значи, во ист момент, кога ќе се пензионира еден наставник од одреден предмет, во исто време ќе треба да се прими друг. Тоа е едно.

Второ, нема да има рационализација на средствата, од фактот што со самото примање на нов работник, вие го задржувате истиот број на вработените, но го оптоварувате Буџетот од друга страна, што на претходниот треба да му платите пензија и придонеси од Буџетот на Република Македонија.

Од тука, мислам дека е контрадикторен овој член и треба да се прифати амандманот, со самиот факт што не ги вклучува тука администрацијата и другите вработени во образованието, туку само наставниот кадар, односно лицата кои се задолжени за спроведување на наставата во основното и средното образование.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Насер Зибери.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник. 23 пратеници се за, 3 пратеника се воздржани и 35 пратеника се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поддршка од 10 пратеници и барам поединечно гласање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има доволен број пратеници за да поминеме на поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ – ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - отсутен
2. Абдурахман Алити - за
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - за
6. Кирил Андоновски - отсутен
7. Љупчо Анушев - за
8. Амди Бајрам - за
9. Фадил Бајрами - отсутен
10. Димитар Баткоски - воздржан
11. Мерсел Биљали - отсутен
    Валентина Божиновска - воздржана
12. Јордан Бошков - против
13. Димитар Бузлевски - отсутен
14. Абдулади Вејсели - за
15. Слободан Гарчески - против
16. Васил Гаџовски - отсутен
17. Михајло Георгиевски - воздржан
18. Трајко Гешоски - воздржан
19. Александар Гештаковски - за

20. Глигороски - против
21. Петар Гошев - за
22. Данило Слободан Даневски - за
23. Замир Дика - отсутен
24. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
25. Илија Ѓоргиев - отсутен
26. Фатмир Етеми - против
27. Васил Ефтимов - отсутен
28. Насер Зибери - за
29. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
30. Мирко Иванов - за
31. Илија Илоски - за
32. Делче Ицков - против
33. Никола Јованов - отсутен
34. Весна Јовановска - отсутна
35. Марика Јорданова - воздржана
36. Назми Кадриу - отсутен
37. Радомир Карангелески - отсутен
38. Жарко Караџоски - против
39. Митко Киров - против
40. Лазар Китаноски - за
41. Саво Климовски - отсутен
42. Стојан Ковачески - за
43. Ѓорѓи Котевски - против
44. Чедомир Краљевски - против
45. Илија Лазаров - против
46. Горанчо Лазов - против
47. Алириза Лога - отсутен
48. Билал Љутфии - против
49. Васе Манчев - против
50. Наталија Марковиќ – Димова - отсутна
51. Ѓулистана Марковска - отсутна
52. Диспина Марковска - против
53. Звонко Мирчески - против
54. Драган Митевски - за
55. Илинка Митрева - за
56. Кирил Настески - за
57. Рубенс Наумовски - против
58. Горан Невеновски - против
59. Латиф Пајкоски - за
60. Александар Пандов - отсутен
61. Ванчо Панчев - против
62. Илија Пемов - против
63. Тито Петковски - за
64. Чедо Петров - воздржан
65. Томислав Петровски - против
66. Филип Петровски - воздржан
67. Азис Положани - за
68. Стојан Попов - отсутен
69. Љубомир Поповски - за
70. Никола Поповски - за
71. Илија Прангоски - за
72. Исмет Рамадани - за
73. Љупче Ристески - против
74. Ненад Ристовски - против
75. Нано Ружин - отсутен
76. Илјаз Сабриу - за
77. Аце Сајкоски - против
78. Аслан Селмани - за
79. Борче Сибиновски - против
80. Вангел Симев - отсутен
81. Ристо Спанаков - отсутен
82. Крале Спанчевски - воздржан
83. Ѓорѓи Спасов - отсутен
84. Милан Ставрев - отсутен
85. Наќе Стојановски - за
86. Томислав Стојановски - против
87. Воислав Стојаноски - против
88. Благој Стојковски - за
89. Златко Стојменов - против
90. Владо Сугаревски - против
91. Оломан Сулејмани - за
92. Ризван Сулејмани - за
93. Мухамед Таири - отсутен
94. Александар Талевски - против
95. Мевљан Тахири - отсутен
96. Митко Тилевски - против
97. Ѓорѓи Тодоров - отсутен
98. Ристо Тодоров - за
99. Павле Тодоровски - воздржан
100. Панде Томов - против
101. Коце Трајаноски - против
102. Горанчо Трајков - против
103. Танас Трајковски - отсутен
104. Александар Трпевски - против
105. Борислав Трповски - за
106. Слободан Ќосев - против
107. Илија Филиповски - за
108. Александар Флоровски - отсутен
109. Илјаз Халими - воздржан
110. Благој Ханџиски - отсутен
111. Сејфедин Харуни - за
112. Кастриот Хаџиреџа - за
113. Бранко Црвенковски - за
114. Миланчо Черкезов - против
115. Ванчо Чифлиганец - отсутен
116. Арбен Џафери - отсутен
117. Хисни Шаќири - отсутен

118. Алија Шахиќ - за

119. Радмила Шеќеринска - отсутна

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Во меѓувреме дали некој дојде?

Димитар Бузлевски гласаше за.

Јонуз Абдулаи гласаше против.

Ѓорѓи Тодоров гласаше против.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За амандманот гласаа 37 пратеници, против гласаа 38 пратеници, а од гласањето се воздржаа 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, за 48, 3 воздржани и 22 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за остварување на предвремена пензија.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, веројатно овој закон овие измени доколку беа во некоја друга држава по овој закон ќе се дискутираше една година. Кај нас овие измени се носат на истата седница. Постојните решенија за задолжително учество на македонски граѓани во управувањето на фирмите, кои се купени од странци 100% е секако нелогично. Тоа од причина што како член на Управниот одбор може да влијае на Одлуката за развој на фирмата, финансиите и сл. што оправдано странците ги одвраќа од нивното поголемо инвестирање во Македонија. Но, сега пак со новото решение се оди во друга крајност, странецот нема никаква обврска ни по линија на раководење да прими на работа македонски граѓани.

Каква е состојбата во оваа област во земјите во западна Европа? Странец може да оснива фирма и со 100% странски капитал, но за да може фирмата да работи, странскиот инвеститор е обврзан како втор директор значи по линија на раководење да прими на работа со полно работно време или повремено граѓанин од таа земја. Но, за да може граѓанинот од таа домицилна земја да биде примен на работа како втор директор, потребно е да има дозвола за работа, а таа се добива со соодветна школска подготовка, да има доказ за раководење со фирма, да не е осудуван и да не е под истрага. Вториот директор по правило е одговорен за спроведување на законите од земјата во која е регистрирана фирмата од областа на условите за работа, вработувањето и сл. Но, тој нема надлежност да се бави со финансиското работење, развојот и сл. За таа своја работа тој добива плата или дел надомест за плата. Што постигнуваат тие земји со вакво решение? Обезбедуваат да се спроведуваат законите на таа земја, вработуваат свои граѓани и со проверките за осудуваност и истрага се обезбедува кај нив да не се селат криминални структури. Во исклучителни случаи странски граѓани ако докажат пред нивните органи дека имаат услови да добијат дозвола за работа преку стручна подготовка, искуство за водење на фирма, неосудуваност и да не е под истрага и ако има обезбедено престој во таа земја, може да добие дозвола за работа без да вработат граѓани од таа земја.

За ова укажував на Комисијата за економска политика и развој и Комисијата донесе заклучок, предлагачот до седницата на Собранието да ја проучи легислативата за западните земји и амандмански да постапи на оваа седница. За жал немам никакви информации дека по тоа е постапено. Да бидам отворен во што е мојата бојазност?

Граѓани од соседството кои се бават со недозволена трговија, со оружје, дрога, проституција ќе оснивaат фирми во РМ со 100% странски капитал и ќе станеме црна дупка на криминалот. Не е помала загубата што и наши граѓани нема да се вработат, а проблемот со вработувањето кај нас е секако познат. За некои работи кои светот добро ги практикува треба да се навикнеме истите да ги применуваме кај нас, а не секогаш да измислуваме по нешто што е и на наша штета.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас се согласувам со иницијативата што ја добивме од Владата да се направат измени во Законот за трговски друштва и тие измени се потреба на пазарното работење. Начинот да се интензивираат или да се засилат инвестиции од приватни лица е токму со овозможувањето на учество на странци во управните одбори. Ние не сметаме со големи инвестиции од домашните, од домицилното население, туку сметаме на инвестиции од странство. Токму затоа јас ги гледам овие измени вака како што ги предлага Владата. Но, во праксата примената на Законот за трговски друштва покажува и други слабости.

Јас тука имам на ум посебно раководењето, управувањето со постојните фирми, а исто така и со ново основани фирми, доколку тие бидат преземени од друг акционер. Сметам дека можно е да се прошири оваа измена и дополна и во таа област.

Од тука со колегите Васил Гаџовски и Коце Трајановски предлагаме амандмани, со кои што на имателот на мнозинство од акциите ќе му биде овозможено да преземе управување врз фирмата и тоа да биде благовремено и да не биде спречувано на никое место, па дури ни при уписот во судскиот регистар.

Исто така, една од заложбите на Владата е да се воспостави едношалтерски систем. Со ваков закон тоа е јасно на сите нас дека таквата цел нема да се постигне. Но, во насоката кон едношалтерско работење се движиме. Јас посакувам час поскоро целосна ревизија на оваа област, се со цел на инвеститорите да им биде олеснето работењето, да немаат безконечни перипетии околу негодување на постојниот кадар во фирмите.

Од друга страна пак наша грижа, мислам на законодавниот дом е да обезбедиме за нашите граѓани најдобра можна заштита во процесот на работа, а исто така и нивниот углед да биде запазен од работодавците. Тука може да се размисли на кој начин ќе бидат контролирани управните тела во фирмите. Но, тоа е една задача која нам ни претстои прво да ја конципираме, да ја изанализираме и потоа да понудиме и решенија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, само пред околу една година на овој Парламент од страна на Владата на РМ беа предложени серија на закони, со кои што се решаваше прашањето околу едношалтерскиот систем, односно добивање на документација за изградба и за употреба на објекти само од едно место.

Тогаш бевме сведоци на донесување на два клучни закони од таа област, изменување и дополнување на Законите за изградба на инвестициони објекти, и на Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во тоа време и еве ако се послужам со образложението што беше дадено на тие закони од страна на министерот, образложението беше дека се овозможува максимално поедноставување на постапката за планирање на просторот, градење на објекти со издавање на еден документ за градење, со што ќе се создадат максимални услови за привлекување на домашни и странски инвестиции, а во функција на ефикасна обнова и развој на стопанството во РМ. Со тие прописи нормално сакам да нагласам дека оваа постапка беше отпочната уште од претходната Влада и ми се чини дека тогаш едногласно овие закони беа усвоени се со цел инвеститорите кои што сакаат да градат објекти и кои што сакаат да работат, еве како во случајот со овој Закон за трговски друштва што се измените се да добиваат од едно место и по многу кратка постапка. За таа цел согласно тие прописи беше донесена одредба со која што се задолжува Министерството за градежништво и урбанизам да донесе соодветни стандарди и нормативи за планирање на просторот и за проектирање на објектите. И елегално, Министерството таа работа си ја заврши, дури публикува и соодветна книга за тоа. Овие стандарди и нормативи се изработени во согласност со сите и во координација на сите надлежни министерства кои по било каков основ учествуваат во изградбата и во давање на употреба на објектите. Меѓутоа, што сега заправо се случува? Имавме три закони сега во последно време, во овој месец, минатиот месец со кои што се нарушува сета таа постапка со која што тогаш се промовиравме дека ја прифаќаме сите, дека е многу позитивна работа едношалтерскиот систем. Така и во овој закон за трговски друштва со членот 7, односно со додавање на четири нови става на член 443 повторно се враќаме назад, сите субјекти што сакаат да обавуваат

дејности треба повторно да прибираат разно разни документи, за да можат таа дејност да ја обавуваат. Јас само да ви кажам еден контрадикторен член во Законот за изградба на инвестициони објекти, како што реков што го усвоивме некаде пред една година, вели дека техничката исправност на објектот, односно давање во употреба ја потврдуваат лицата што вршат стручен надзор со записник, кој се доставува до органот на управата надлежен за работите на урбанизмот и градежништвото, а со записник се констатира дека објектот може да се употребува. Тоа е една работа.

Значи од една страна со Законот за изградба на инвестициони објекти, некое лице може да потврди дека објектот може да се употребува, додека сега со овој закон повторно некој друг надлежен орган треба да изврши надзор, па да го даде објектот во употреба. Што ли ќе направиме со субјектите кои што сакаат, кои што се заинтересирани да градат објекти.

Сега ниту ќе привлечеме инвестиции од странство ниту пак со нашите граѓани ќе можеме да излеземе на крај, бидејќи повторно ќе треба да се вадат 20 или 30 документи.

Сметам дека е направен превид и не е искоординирано во Владата меѓу министерствата и оваа проблематика, е сериозно нарушување на постапката за добивање на техничка документација за градба и за употреба на објекти.

Поради тоа сметам дека денес би требало овој закон да го разгледуваме само како Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување за да остане Предлогот на закон, да се искоординира во Владата и да не доаѓаме во вакви контрадикторни работи, бидејќи ќе дојдеме во ситуација еден орган да биде овластен да издава решение за употреба на објектот, друг орган повторно ќе бара, по вакви закони, да се вадат други одобрение за да може објектот да се даде во употреба. Тоа навистина никаде не не води. Затоа мојот предлог е денес претставникот на Владата треба да го прифати мојот предлог за овој закон, да се расправа само како за Предлог за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за трговските друштва, токму од овој аспект што го спомнав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Илија.

Го прозвавте претставникот на Владата, ако е подготвен нека повели да одговара.

**МИЛИВОЈ КОЛЕВСКИ:**

Ќе ми дозволите во врска со двете дискусии што беа на господинот Илија Филиповски и вашата господине Настовски, да го дадам следното образложение.

По однос на дилемите кои се јавуваат кај г-динот Филиповски.

Измените не се однесуваат на раководниот кадар, директори и шефови, туку се однесуваат на членови на Управен одбор. Тоа не е исто.

Во член 10 од измените кои се однесуваат во врска со член 694 во ставот 2, точно е кажано по однос на можноста, обезбедувањето на евентуални навлегувања на лица со сомнителен бонитет, стои - "Извештајот за бонитетот на друштвото е издаден од надлежен државен орган или овластена ревизорска куќа, според прописите на државата на која друштвото и припаѓа". На тој начин се врши обезбедување од упади на фирми и лица со не докажан или сомнителен квалитет.

По однос на вашите дилеми и размислувања што ги имате г-дине Настевски, јас би го кажал следното, а тие се однесуваат во врска со членот 12, а по однос на текстот на измените на членот 704. Некои работи изгледа ги уништувате. Технички прием на објект е една работа, од аспект на градежно урбанистички прописи и закони, а материјално - техничка подобност на простории е сосема друга работа. Употребна дозвола на објектот од аспект на дејност која треба да се обавува, се регулира во оваа измена што овде е кажана, а она што значи дали се соодветни технички норми, кои што ги покажувате таму дека ги имате од Министерството за урбанизам, тоа е во фазата на изградба на објектот. Така да она што значи објект градежно - урбанистички аспект и технички прием, што порано се вршеше со Комисија за технички прием, па да се види кои се марките на бетон, кој е квалитетот на арматури која е статиката и да не набројувам што се во таа област навлегува и од тоа што кај вас се јавува како дилема. Овде се работи само на материјално - техничката подобност т.е. во сегашно време во поранешното време се викаше хигиено - техничка подобност. Услови кои што се внесуваат забавуваше на конкретна дејност. На пример имате одредени простории градени, сега тие стојат со добар изглед добро изработени и една работа е дали ќе ставите внатре некој забар или лекар да работи, па ќе треба да се ставаат некои други машини и опрема, друга работа е дали

ќе имате некое производство или ќе имате некоја фото техника или нешто слично.

Во зависност од дејноста која треба да се извршува се бараат одредени материјално - технички подобности на просториите, односно објектите во кои ќе се извршуваат соодветните дејности. Тоа се регулира со оваа измена.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на заменик на министерот.

За збор се јави Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Јас го ценам образложението на претставникот на Владата, меѓутоа, јас како дискутант морам да кажам дека мене лично не ми се непознати овие работи.

Имено, исполнувањето на сите услови, сите градежно технички, санитарно - технички, хигиенски за заштита на хигиенско - еколошки урбанистички и не знам какви услови, почнуваат со издавањето услови за градба на секој објект. Оној што ги пропишува условите за градба, он ги издава. Оној што го проектира проектот, што го изработува проектот, го изработува со определена намена, без разлика дали тоа ќе биде фризерница, берберница, кафана или не знам што. Значи, не само објект име туку со определена намена. Исто така и проектантот е задолжен да ги исполнува сите тие услови. Сите тие прописи се пропишани од страна на Министерството за урбанизам, излезен во Службен весник, меѓутоа има и публикација кој што изработил, заедно со сите министерства, стандарди, нормативи, за планирање на објектот и проектирање на објектите. Според тоа ништо не е изоставено. Значи работата е во следното:

Министерството за урбанизам, бидејќи е носител на оваа документација, во соработка со останатите министерства нека си ги координира работите.

Меѓутоа, се издава еден документ кој сите проектанти урбанисти, изведувачи и сите инвеститори се задолжени да постапат според тие норми. Според тоа илузорно е уште еднаш од странката да се бара да се исполнуваат некои други, односно нормите еднаш си се побарани, туку да се бара документација и некој да дава едни на други или десети мислења. Ја одведовме постапката до бескрај и на народот тоа веќе ќе му дојде преку нос, така да речам, вадење на илјадници документи, за да се дојде до извршување на некој бизнис со некој документ.

Сакам да кажам дека со оваа работа практично Владата сама си ја нарушува постапката што ја отпочна и што беше општо прифатена и промовирана од повеќе министри, да биде се на едно место, односно секаков документ да се добие од едно место.

Според тоа предлагам да не се прифати законот да се усвојува и како Предлог на закон туку само како Предлог за донесување на измени и дополнувања на Законот за трговски друштва.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не би сакал да коментирам, а да кажам дека тоа е сфаќање на постапката, дали ќе се поднесе нов предлог или ќе се добие тоа кога веќе ќе стане за употреба. Се работи за употребна вредност, а не за дозвола за градење.

Има збор пратеникот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Заменик министерот зборуваше за управниот одбор и по линијата за раководење. Јас би го рекол следното.

По последниот Закон за претпријатија, кои се сто посто приватизирани, односно акционери странски државјани, во постојниот закон предвидено е во управниот одбор минимум еден член Македонец да биде.

Јас ја поддржувам измената која се предлага да нема обавеза да биде член на управниот одбор граѓанин на Република Македонија, од причини што ги кажав, бидејќи странците сепак се осетливи кога во делот на управувањето ќе им се појави Македонец, кој ќе решава прашања на финансирањето и прашања на развојот на фирмата.

Меѓутоа, јас тоа го кажав како светот го регулира ова прашање, како го регулира Германија, како го регулира Франција, Австрија и т.н. Би било добро ние кога ги правиме овие закони, тоа што пред нас некој го научил да го преземеме. Тие по линија на раководење, втор директор поставуваат граѓанин од таа земја. Вие не можете да отворите фирма ако во Германија не земете Германец кој има диплома, има уверение за успешност во раководење со фирма, кој е не осудуван, не можете да ја отворите фирмата, не можете да работите. Тоа истото не би било, него би требало да се применува и кај нас. Што би направиле?

Прво би обезбедиле да се вработат наши луѓе, второ би овозможиле да се спроведуваат нашите закони, затоа што наш

граѓанин ќе се грижи за спроведување на нашите закони и нема да се дозволат криминални активности овде во Република Македонија. Тоа е моето залагање. Тоа требаше да се формулира не во овој член. Требаше амандмански да се постапи кај повеќе членови од овој закон. Мислам дека тоа е неопходност.

И јас го поддржувам предлогот на Настевски, дека би требало овој закон сега да оди само во прва фаза.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој се јавува за збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Господа пратеници, ве молам, оние пратеници што се во холот да влезат во салата, бидејќи јас лично се сомневам дека имаме доволен број во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам сите пратеници што се во холот да влезат во салата ако не ќе примениме една друга мерка, ќе се изброиме и оние кои се присутни за гласање на овој предлог, ќе можат да бидат исплатени дневниците.

Очигледно имаме доволно присутен број на пратеници во салата.

Му предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 47 пратеници гласаа за, тројца воздржани и 14 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 51 гласале за, 13 против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе дозволете да го искористам моето право во врска со расправата по општиот претрес по Предлог законот, да упатам едно прашање до Владата и едно процедурално прашање до вас.

Прво, би сакал претставникот на Владата да слушнеме дециден и директен одговор поткрепен со аргументи. А во врска со следното:

Нашата Влада на секоја седница не уверува дека ние чекориме кон Европската унија, не уверува дека формира Комитети за евроатланска интеграција, за европска интеграција, преговараме со унијата и т.н.

Јас имам едно конкретно прашање: Овој закон е донесен во 1996 година и тоа е закон со кој ние го напуштивме тогашниот систем на Законот за претпријатие. Во изборот на Европската унија помеѓу Англосаксонскиот и Германскиот модел на претпријатија, го усвоивме законот со отприлика 700-тини членови, Законот за трговски друштва кој се потпира на германското законодавство за трговските друштва. Тој закон од тогаш наваму во извесни делови се менува, согласно потребата на Владата да оцени дали треба да изврши некакви промени.

Во врска со овој предложен закон, имам директни прашања до Владата: Дали членовите од 2 до 6 на овој закон за измени на законот, претставуваат усогласување на нашето законодавство во една од нај виталните сфери со Европската унија, тоа се Законите за трговските друштва и за претпријатија, или значи отстапување од постојното законодавство во Европската унија.

Мислам дека ова е еден од битните аргументи за да се знае што всушност ние со овој закон правиме. И, ако е ова усогласуваме, да се наведат примерите со кого ние во Европската унија го усогласуваме ваквиот модел, за да не се случи после 2-3 години новата Влада или некоја друга Влада, кога навистина ќе почне да врши усогласување и да преговара со Европската унија за закони, а не за политички желби, да знаеме дали ова е сега отстапувања.

Укажувам на фактот дека во Законот за трговски друштва и уште во неколку закони Владата веќе направи отстапувања, кои беа оценети и од Европската унија и од Светската банка и во Законот за приватизација, дека со отстапувања од моделите кои треба да ги имплементираме,

согласно законодавството на Европската Унија. Мислам дека, ова е нешто на што пратениците треба да имаат одговор.

И второто прашање до вас г-дине потпретседателе, односно моја интервенција е следнава: Ние имаме Закон за трговски друштва, кој со десетина членови ги менува од постојните одредби на Закон за трговски друштва. Во 13 часот, значи пред еден ипол час, ние добивме од група пратеници три амандмани, за кои според начинот на кој функционира Парламентот можам со огромна сигурност да тврдам, иако не можам целосно, дека се на некој начин сугерирани од Владата, да ги достават со цел Владата да ги прифати. Со оглед дека во тие три амандмани се менуваат одредбите на членовите на Законот 162, 351, 352 и 491 кои се суштински, а ние ги немаме членовите доставено врз кои се врши интервенцијата, апсолутно сметам дека согласно Деловникот, Собранието не може да се изјаснува по амандмани за членови на закон од 700 членови, за кои ние немаме увид што всушност се менува со амандманскиот пристап.

Затоа, мислам дека, покрај другото кога ќе се изјаснуваме за амандманите поднесени од Бошков, Гаџовски, Трајановски, амандманите 1, 2 и 3 на членовите, повторувам, 162, 351, 352 и 491 треба да ни ги доставите одредбите од Законот за трговски друштва, кои во моментов ја регулираат таа материја, за да видиме што всушност се менува. Ова особено го потенцирам за членот за амандманот 3 во кој после членот 8 се додава нов член 8-а, со кој се менува членот 491, кој мислам дека е од суштинска природа и Собранието навистина би било во многу непријатна ситуација да гласа за одредби, за кои нема увид што менуваат. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега да тргнеме по обратен пат, да одговорам јас на второто прашање кое се однесува до мене. Предлагачи се пратеници и ова прашање ќе треба да биде упатено до нив, всушност барање, тие одредбите кои ги изменуваат да се достават. Дали се суштински и колку се за тоа треба да ве увери и предлагачот вас пратениците, колку ќе може и во кој степен. Тоа зависи од нив, а не од мене, јас не можам нив да ги застапувам. Ова кога ќе дојде предмет на расправање по овие амандмани, сметам дека имате деловничко право по приговорите, ќе ги повикам предлагачите и во таа смисла нека се изјаснат. Тоа е од моја страна. Од друга страна господинот претставник од Владата го молам заменикот министер да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА:**

Ова прашање што е упатено е повеќе политичка провокација, отколку што е суштински во врска со она што ние денеска треба да го погледаме. Затоа што, корегирањето на одредени слабости во законот, кој што текот на времето покажа дека во ново настанатите услови на времето кога бил донесен законот, некои неквалитетно ги согледал работите, а денеска условите покажуваат дека треба да се извршат одредени корекции. За таа работа не ни е потребно да бараме усогласување со Европската унија, ниту пак е со законите на кои што и правилата на игра по кои што се однесува Европската унија.

Така што, вашето прашање повеќе го ценам од аспект да бараме чарка да го вртиме на некој политички расправии околу односите со Европската унија, бидејќи овде се работи исклучиво за подобрување на текст на еден закон, донесен е 1996 година, меѓутоа, во 1996 година поради ново настанати услови во економското и стопанското живеење и работеше во Републиката, доживува повеќе пати измени и дополнувања. А, во конкретниот момент врз основа на сите анализи и содејствија, кои што во минатата година се согледаа, констатирано е дека се неопходно потребни уште неколку измени и дополненија, кои што ќе овозможат олеснување на постапката при привлекување на странски инвеститори во Република Македонија. Не се мисли на странски инвеститори исклучиво само од Европската унија, туку се говори општо за странски инвеститори. Корекциите што се направени во поедини членови се од таква природа, кој што навистина ја олеснуваат постапката, а и го зголемуваат обезбедувањето дека навистина соодветен квалитет на странски партнери би влегол кај нас. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине потпретседател, мојата намера беше со амандманска интервенција да поведам сметка, за тоа каква ни е реалната ситуација во управувањето со постојните фирми. И, до тука нема ништо спорно. Јас не би сакал да бидам полемичен, ниту така да ме сфати колегата, не оти предлагачи на овие амандмани се тројца пратеници од

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, тоа било договорено со Владата. Такви нешта немаше. Едноставно овој закон на примерен начин поточно дополнуван со измените што ги предлага Владата, на примерен начин во сегментот на управување на фирми, кои се контролирани или кои се во сопственост на странски државјани, донесува новини и на тој начин станува нашиот амбиент примамлив и атрактивен за инвеститори од странство. И, тука нема ништо спорно, барем нема за мене.

Но, управувањето и регистрирањето упис во судски регистар, тоа е веќе друга категорија. Било кој странски инвеститор ќе се судри со истите тешкотии со кои се судрува за засега домашен инвеститор, односно конфликтот меѓу судирот на интереси меѓу луѓето кои се на извршни, на раководни функции во фирмите од една страна и новите сопственици на фирмите, сосема јасно доаѓаат на површина. Ние имаме блокада во редица фирми ширум Република Македонија, блокада каде што судот на легитимен начин во спрега со досегашните директори има можност да одолговлекува со уписот на промена на кадровски план. Ако вака одат измените, па и за странци кога ќе поседуваат фирма, ќе постојат истите тешкотии. Зашто, и управен одбор составен целосно од странски државјани на ист начин може да биде кочен, односно може да биде закочено неговото верифицирање.

Затоа, цениме дека овие амандмани се нужни. Многу ми е жал што мигот на давање на амандманите е толку 13 часот и некоја минута од повеќе причини. Но, јас имав средба, донекаде за мене е барем потресна со луѓе од компанија која не може да застане на нозе, толку заради отпорот што го даваат поранешните директори.

Затоа, ние мораме да поведеме сметка. Таму се стотици вработени, а и во другите фирми за кои знам. Би било сосема упатно во оваа насока Владата да размисли и исто така да ја даде својата поддршка. Јас се обидував, а за тоа имам и сведоци, неколку пати преку службите кога расправавме за првата точка од дневниот ред, да лоцирам кој е тука претставник на Владата за точката 2, односно во Законов за трговски друштва. Не можевме да уточниме, така што од Владата немаме никаква информација, дали овие амандмани се прифатливи или не. Тоа е реалната слика. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Јордан Бошков.

Пријавен е Кадриу Назми, дали се откажа? (Го нема).

По втор пат се јавува господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас се извинувам за дополнителната интервенција во врска со расправата, меѓутоа, сериозно не можам да разберам како може да се политизира Закон за трговски друштва. Европската унија на почетокот на 90-тите години влезе во Мастришките преговори и како што знаеме и често кажуваме дека сите членови на унијата и оние што мислат да пристапат во неа наскоро или во далечно време, треба да усогласуваат околу 12 илјади страници разно - разно законодавство и уште половината од тоа разноразни владини уредби, за да ги усогласат своите законодавни, односно законодавства и услови за живот во Унијата, со она што го потпишале шефовите на држави во Мастрихт. И, самата Мастришка спогодба е на неколку илјади страници.

Ве уверувам дека слободата на пристапот на пазарот е една од најточните одредби во тој договор. Никој не може да претендира сериозно да преговара за прием во Европската унија, доколку не ги усогласи условите за слободата на пристапот на пазарот со членките на Европската унија, затоа што Европската унија веќе не е само заеднички пазар, туку е и монетарна унија и таа е една целосна унија, царинска унија и т.н.

Ние не можеме да претендираме дека ќе имаме на долг рок различно законодавство од нив и токму затоа го поставив прашањето. Ако во тој дел Европската унија има намера да го изедначува и веќе го изедначува законодавството, вклучувајќи ги и инвестициите од странските инвеститори на територијата на 15 земји, односно на територијата на Европската унија, со цел секој странски инвеститор да има еднакви услови, без разлика дали ќе инвестира во Грција, Португалија, Финска, Англија или Ирска, од законодавен аспект. Се разбира дека условите нив не можат да им бидат исти. Меѓутоа, да има исто законодавство било каде да инвестира, со што унијата и натаму претендира на сопствената компактност.

Јас поставив просто економско пратеничко барање, дали Владата има сознание дали ваквите измени во нашиот закон, водат кон натамошна интеграција со законодавството на Европската унија или не

одалечуваат од него. Тоа претставникот на Владата, морам да изразам жалење, дека го оквалификува како политичко извитоперување на работите. Уверен сум дека тоа не е тоа и дека ние токму на прашањето во европските интеграции, треба да одиме закон по закон.

Од одговорот, мене ми е жал, добив впечаток или дека немаме во овој закон усогласување или дека Владата воопшто нема ни глобална ориентација, дали ова е во таа насока или не е. Не барам никакво прашање, меѓутоа, мислам дека Владата треба да води сметка во ваква клучните закони, како што се работни односи, како што се трговски друштва, инвестиции и т.н., да има пристап, кој ќе биде чекор поблиску секогаш до унијата, а не чекор подалеку. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине Поповски. Тоа е прашање на уверување на секој човек па и вие така се уверивте од страна на тврдењето на претставникот се јавува пак да ви одговори, а ако сака може и повелете.

**ПРЕТСТАВНИК ОД ВЛАДАТА:**

Господине Поповски, јас се обидов да не навлезам во некои води, меѓутоа, вие инсистирате на тоа, па ќе морам да кажам. Законот за трговски друштва усогласуван со Мастришките повелби го донесовте вие, мислам во ваше време.

Одредени пропусти што се направени и рестрикции во одредени членови беа направени од вас. Потенцирате на слобода на пазарот и на еднакви услови, па затоа ние правиме и одредени сегментирани исправки.

Според тоа, сметајте дека Владата анализирала, проверила и констатирала, бидејќи тој закон се однесува за трговските друштва во Република Македонија, во оној дел кој што се однесува за странските инвеститори, сегашни, потенцијални, до крај да запази она што значи слобода на пазари и еднакви услови. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Господине Никола, повторно се јавувате.

Дозволете ми, дали да имате реплика или да се расправате помеѓу себе, околу тоа дали сте убедени или не сте.

Две се работи, ако имате реплика на она што е меѓу Влада и...., а да сте убедени останува на вас. Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, го користам правото и да дискутирам по деловникот и да реплицирам по деловникот.

Изберете вие и дајте ми збор по кој основ сакате. Морам да кажам дека повикувањето на минатото со вакви конотации е сосема непотребно, затоа што на секој интелегентен во салава му станува јасно дека господинот министер, сега со напад врз мене сака и понатаму да го избегнува одговорот. Го усогласуваме или не го усогласуваме нашето законодавство со европското во членовите од 2 до 6.

Со оглед дека очигледно не се дава одговор го усогласуваме, ниту се дава одговор не го усогласуваме, поаѓам од претпоставката дека доколку се усогласуваше, тоа ќе се кажеше на големи звона уште на почетокот. Доколку не го усогласуваме, ќе се крие. А, мислам дека се работи уште и за нешто трето, дека Владата воопшто и не кореспондира кога ги менува законите со интенцијата да ги усогласува со Европската унија. Тоа мислам дека станува клучен проблем. И, тука нема потреба да играме криенки, кој што рекол. Прашањето беше, дали го усогласуваме или не. После два одговори очигледно одговорот не се дава. Вие можете да се повикувате и на Владата на Црвенковски, тоа е ваше право. Вие можете да се повикувате ние со кого сме ги усогласиле, но законот кој сега вие го нудите, нуди измена на нашето постојно законодавство.

Прашањето е едноставно, во насока на европското законодавство или спротивно на европското законодавство. Додека не го одговорите тоа, ќе ценам дека не ги усогласуваме законите со европското законодавство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа се ваши заклучоци, секој останувате на своја позиција и можете стопати да се повикувате, пак да останете на исто.

Навистина убедувањето е лична работа.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Со оглед на тоа дека овде на мониторот не гледам предлог за барање за збор, ќе продолжиме понатаму.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 7 за бришење на став 3, член 10, став 1 и на член 12 во новата точка 8, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 1 за менување на член 2, на член 7 за менување на уводната реченица на ставот 1 и на ставот 2, член 9 и на член 13, со кој се согласил претставникот на Владата и тие составен дел на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 7 за менување на ставовите 1, 2 и 3 и за менување на член 12 по кои претставникот на Владата не се произнел.

Пратениците Јордан Бошков, Васил Гаџовски и Коце Трајановски, поднесоа амандмани за додавање на член 2-а, по членот 2, за додавање два нови члена 6-а и 6-б по членот 6 и за додавање на член 8-а по членот 8, по кои Владата, односно претставникот на Владата не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на ставот 1 и 2 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

Ако ми дозволите, сите амандмани на Законодавно - правната комисија во целост се прифаќаат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Техниката на работа ни е за секој амандман посебно.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот е прифатен од страна на Владата, станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа, истиот е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а, по членот 2, поднесен од пратениците Јордан Бошков, Васил Гаџовски и Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа, истиот е составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на два нови члена 6-а и 6-б по членот 6, поднесен од пратениците Јордан Бошков, Васил Гаџовски и Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи амандманот е прифатен од страна на Владата, констатирам дека овој амандман е составен дел од Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 8-а по зборот 8, поднесен од пратениците Јордан Бошков, Васил Гаџовски и Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по дадениот Предлог амандман.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор.

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, благодарам, прво да кажам дека сепак не се испочитува моето деловничко барање да знаеме за што всушност ќе гласаме сега, меѓутоа, нека остане така, нема проблем, на крајот на краиштата одговорноста ја носат тие што одлучуваат за такви деловнички барања, пред се, мислам на вас.

Би сакал сега во општата расправа по законот пред гласање да искоментирам

една одредба која се внесе во Законот. Тоа е одредбата со последниот амандман кој се прифати во членот 8 да се додаде нов член 8-а. Господинот Бошков ја образложи во претходната расправа и навидум изгледа логично тоа што тој го бара, односно јасни се мотивите зошто тој амандман е прифатен. Меѓутоа, внимавајте, со овој амандман се дозволи во Македонија законодавство во кое судот врши запис во трговскиот регистар на барање директно на акционерите, не на органите на трговското друштво, Собрание, управен одбор и т.н.

Значи, оној кој има 51% од акциите, јас ја разбирам потребата што Јордан Бошков ја кажа, меѓутоа, мислам апсолутно не е местото вака да се уредат работите во трговско друштво, каде некој има 51% од акциите ги прескокне органите по Законот за трговски друштва и оди во судот директно да изврши упис.

Дозволете да направам една аналогија на што личи ако е вака како што јас го сфаќам, а немаме друго освен ова. Тоа е исто како во ова Собрание во Деловникот да се внесе одредба дека 61 пратеник на Собранието можат со свој потпис директно да одат во Службен весник и да предадат закон и да речат, еве го законот, не треба да оди во Собранието, ние имаме за него 61 глас што е над 50% од Собранието и ве молиме директно објавете го законот во Службен весник, нема потреба да оди во Собранието, еве ги нашите 61 потпис.

Аналогијата на ова е, доколку е така, а сега го немаме законот за да го гледаме во кој контекст е овој амандман, дека тој што ќе собере 51% од акциите, директно оди во судот, а не оди на Собранието на акционерите. Мислам, ако не е така, треба да имаме образложение. Јас ве замолив вас да дадете пауза да ни се достават одредбите кои се менуваат со вакви ад-хок решенија, не се доставија, мислам дека не е добар начинот на кој работи Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве разбирам, меѓутоа, господине Поповски, вие дадовте коментар како, пак реков, е предмет на уверување. Замислете јас го сфаќам предлогот на Бошков дека повеќе ќе нема, ние сме газди, ајде ќе одиме пред Владата за регистрација, двојни регистрации, тројни печати, па судовите ќе измислуваат може и без печат, може со печат, може со барање. Капиталот ќе одлучи по основ што е. Така го сфатив предлогот на господинот Бошков и така треба да биде. Тоа е мое уверување. Вашето се разликува од моето, со гласање ќе утврдиме што е точно.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Оваа дискусија е ваша?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не, размислување.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во која смисла?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ја водам седницата. Дали друг бара збор?

За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине потпретседател, одредбата од амандманот број 3 за кој Владата позитивно се произнесе, а јас сум навистина задоволен од тоа, се однесува на уписот во судски регистер. Точно е тоа што колегата Поповски побара да ги види одредбите од овие членови за подобро да може да се одлучува. Но, јас разбрав од дискусијата дека многу добро му е позната содржината, тоа е убаво.

Правото на сопственост е еден од принципите во уставното уредување кај нас. Ако човек кој се определил да биде активен во стопанството, не може да преземе вистинска контрола врз тоа што се одигрува во неговата фирма, тогаш е навистина прашање на кој начин се штити сопственоста. Мнозинскиот сопственик воедно ја има можноста да воспостави целосна контрола врз фирмата. Тука ништо не е спорно. Останува да се замислиме што со тоа, ако постапката за воспоставување контрола е макотрпна и може да земе цела година. Тогаш доаѓа до израз, односно се разоружува тој амбициозен поединец, кој ете сака да биде активен на стопански план. Не може да биде прашање на процена, па и на судот дали ќе биде извршена измена во регистерот или нема да биде. Тоа е прашање на сопственост на таа фирма.

Оттука сметам и сум благодарен на колегите што го поддржаа, дека овој став не е во спротивност со Законот за трговски друштва. Впрочем околу тоа дали нешто е уставно или не за тоа секогаш кај нас се произнесува Уставниот суд. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Бошков.

За збор се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, за мене е разбирлива интенцијата која е покрената со предлагање на ваков текст на амандман и мислам дека делот што значи поголема оперативност во реализација на одредени права на акционери со мнозински дел од обичните акции, до тука сите се согласуваме.

Претпоставувам дека не е доволно сфатена интенцијата на мојот колега Никола Поповски. Тој во својот исказ даде предлог во својот прв настап, предмет на регистрација во надлежниот суд да бидат одлуките на органите кои лесно се носат ако се во сопственост од мнозински аспект кај оној кај ги носи, во органот.

Целта беше да се одбегне напуштање на носење на одлуки на органи на одредено акционерско друштво или ДООЛ или не знам на што се однесува тоа. Во тоа е недоразбирањето. Оттаму ми е не сфатливо како Владата го прифаќа овој амандман без образложение и ги анулира правата на органите, кои имаат надлежност да одлучуваат на седници на тие органи. Тогаш, ако вака се прифати овој амандман, овој Закон за трговски друштва треба да претрпи и други измени во делот на надлежностите на органите, така што оваа измена повлекува други измени во самиот текст на законот. Тоа беше целта.

Значи, сме за тоа да се верифицира ако има над 51%, но да не се прави директен пат акционер - суд или акционери - судови, туку орган - суд. Во тоа е разликата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господа пратеници, ве повикувам последен пат, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 54 за, 12 против, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва.

Да се договориме колеги дали ќе имаме пауза, па за еден час да продолжиме или не. (Да нема пауза).

Мнозинството е да одиме понатаму.

Преминуваме на точката 3. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио телевизија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на законот, извештајот на Комисијата за сообраќај и врски, дописот на Законодавно - правната комисија и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Мерсел Билали.

Господине Мерсел не ве гледам, колеги, тој што има збор нека говори, а другите ако сакаат нека го слушаат, ако не не мораат. Повелете.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, како што е познато состојбата во сферата на Радиодифузијата, а во тие рамки состојбите во Македонската радио - телевизија се такви какви што сите ние ги знаеме, односно како и во сите други области економски, политички, културни, социјални, спортски во нашата земја и ќе беше чудо ако во нашата држава еден сегмент покажува позитивни трендови.

Според мене единствен сегмент кој покажува позитивни трендови е бујната фантазија на луѓето кои ја водат власта. Реков дека состојбата е неповолна во сферата на радио - дифузијата, а во тие рамки и во Македонската радио - телевизија, да не кажам дека е повеќе од тоа, т.е. хаотична. Тоа се покажа од последните настани во Македонската радио – телевизија, кога практично висок функционер од таа куќа излезе јавно и ги оповргна своите искажувања пред повеќе од година дена дека, состојбите во оваа куќа се повеќе од идеални, за да каже дека во оваа куќа состојбите се катастрофални, дури оваа куќа претставува гнездо на некои против интереси на една национална заедница.

Со фактичката доминација или политичкото влијание што ја врши политичката структура, односно власта над оваа куќа, над овој важен сегмент на информирање на граѓаните, кои се финансираат првенствено или исклучиво од граѓаните, секому му е јасно дека со ова не само што се крие вистината пред јавноста, туку нешто повеќе, т.е. се убива вистината и некој, со сите сили, настојува вистината да

ја чува само за себе, од причина што е убеден дека таа вистина е многу штетна ако за него, за таа структура, ако се дознае во јавноста, ако дознаат граѓаните. Значи, таа вистина ќе беше многу тажна за него, за таа структура која ја води власта, ако граѓаните ја дознаат.

Меѓутоа, мислам дека сегашната структура која врши политичко влијание над Македонската радио - телевизија, па и другите јавни сервиси е во заблуда од причина што нема ниту може да има простор за исклучивост, односно за исклучиво покритие и да се држат граѓаните со лага, од причина што изгледа луѓето се стекнаа со поголема политичка култура од некои луѓе кои стојат зад ваквите проекти. Разговарајте со луѓето ќе бидете убедени дека се посвесни за состојбите во споредба со структурите кои мислат, односно се надеваат на нивната не интелигенција.

Извештаите од важните меѓународни структури и организации како што е на пример Извештајот на ОБСЕ, Извештајот на Советот на Европа, па дури и извештаите на органите на некои важни држави кои се доминантни во креирањето на меѓународната политика се до крај неповолни за нас, посебно во сферата на информирањето и во тој склоп и за Македонската радио - телевизија. Многу е негативно за нас да се има таков имиџ, да се има таква меѓународна слика пред меѓународната заедница, од причина кога е во прашање информирањето, се работи за клучен сегмент, се работи за доста чувствителен сегмент кој претставува барометар за една држава, односно кој претставува мерење на степенот на демократизирањето на соодветната држава. Тоа неминовно ќе повлече одделни неповолни рефлекси за нас, тоа веќе се чувствува, мислам дека сите тоа го забележувате, а ќе се чувствува уште повеќе понатаму, тоа ќе биде огромна пречка во нашето интегрирање пред меѓународните структури и европските структури, да не кажам дека сме на пат да навлегуваме во некоја сфера на молкум финансиски санкции.

Во Комисијата за сообраќај и врски ние расправавме. Јас како предлагач настојував да ги убедам членовите на Комисијата дека се работи за интерес на Република Македонија, дека тоа не е прашање дали некој претставува, односно е пратеник на позиција, или опозиција, туку се работи за општи интереси на граѓаните на РМ. Од страна на повеќемина членови на Комисијата беше кажано дека Предлогот е во ред, меѓутоа подобро ќе беше да не се предлагаат вакви парцијални и мали решенија, туку да се предлагаат глобални решенија, кои ќе бидат сеопфатни за сферата на радиодифузијата. Што всушност јас предлагам. Јас предлагам некои измени кои навидум не претставуваат големи измени, меѓутоа се голем чекор кон сегментот на демократизирање на средствата за јавно информираше и во тој склоп и на МРТ и тој чекор мислам дека ќе беше стимул да одиме понатаму во другите сегменти, кои што се однесуваат во сферата на радиодифузијата.

Јас предлагам директорот, генералниот директор на МРТВ да се предлага од страна на Советот на радиодифузија што заправо е општ стандард на членките во Европската унија, а е исто така некој стандард од Конвенцијата за преку гранична телевизија, која конвенција за жал само РМ ја нема потпишано во регионот.

Второ, наместо овој предлог да оди по Комисијата, постојната Комисија за избори и именувања во рамките на нашето Собрание. Иако во Законот за основање Македонска радио - телевизија воопшто не стои, дури може да се смета за правна празнина, бидејќи никаде не пишува кој го предлага генералниот директор и неговиот заменик.

Другите измени се однесуваат во програмските совети на МРТВ, од причина што се работи за важни органи кои се избираат од страна на Управниот одбор, по предлог на генералниот директор. Јас предлагам тоа да биде, значи програмските совети да се избираат од страна на Управниот одбор на МРТВ, меѓутоа не по предлог на генералниот директор на МРТВ, туку по предлог на Советот за радиодифузија како институција, иако од дискусиите може да се констатира дека повеќемина пратеници не ја познаваат материјата, од страна на Советот за радиодифузија, како институција која ги претставува според Законот интересите на граѓаните во Република Македонија. И ова исто така е стандард во повеќе држави во Европската Унија. Целта на овие измени кои реков не се големи, меѓутоа се доволни да го запрат влијанието, политичкото, односно партиското влијание над оваа важна информативна институција, значи ова беше целта и суштината на законот е да се елиминира политичкото влијание и партиското влијание над оваа институција. Наводно беше кажано дека се потребни сеопфатни глобални реформи во сферата на

радиодифузијата и во тие рамки и за МРТВ и јас мислам дека со тоа сите се согласуваме, точно е тоа. Меѓутоа, мора да се согласиме со една друга констатација, а таа друга констатација е дека реформите нема шанси да се спроведуваат само со не реформирани луѓе, од причина што тоа ќе беше само глумење реформи, тоа ќе беше само импровизација на реформите. Да сакавме ние реални реформи прво што ќе направевме тоа е, ќе ја потпишевме Конвенцијата за преку гранична телевизија, што сите околни земји ја имаат потпишано, вклучувајќи ја и Бугарија и Албанија и Романија, а единствено само Македонија ја нема потпишано според мене од необјасниви причини. На секого му е јасно дека реформите се неопходни, меѓутоа тоа претпоставува измени во најмалку пет закони, да не кажам и повеќе, тоа е Законот за радиодифузната дејност, Законот за телекомуникации, Законот за концесии, Законот за Македонската радио -телевизија, Закон за македонската радиодифузија, Законот за авторските права, меѓутоа не мислам дека и не сум убеден дека некој сериозно мисли целокупната оваа материја да си ја смени. Затоа јас предлагам ако воопшто Комисијата за сообраќај и врски има предлагач, претседавачот, односно г-динот потпретседател да предложи пауза, така што референтот за сообраќај и врски да состави заклучок за што се договоривме ние за време на седницата на Комисијата за сообраќај и врски, а тоа беше да се предложи заклучок до ова Собрание дека е неопходно итно да се пристапи кон севкупните реформи во сферата на радиодифузијата. Ако Собранието го прифаќа овој заклучок, јас го повлекувам законот, значи нема да расправаме повеќе за овој закон. Ако Собранието не го прифаќа тој заклучок, тогаш веројатно ќе расправаме понатаму за овој закон на кој јас сум предлагач. И затоа јас мислам дека ќе беше во ред известителот на Комисијата да не извести до каде се со нивниот предлог. И сега со извештајот кој тие го направиле само се констатира нешто, а не се предлага ништо на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Биљали за дискусијата.

Го молам претставникот на Комисијата во врска со овој Предлог на закон да земе збор.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, во начелната расправа на Комисијата се констатира дека има потреба од како што рече и самиот предлагач од многу посоодветни реформи на законската регулатива во областа на радиодифузниот систем на РМ кои секако ќе допринесе за целосна демократизација на односите во таа област. Имено самиот предлагач, односно измените во Законот кои ги предлага г-динот Мерсел Биљали со тоа мислејќи дека ќе се донесе до некаква си демократизација во радио - дифузниот систем, сметаме дека се потребни посеопфатни мерки и затоа предлагаме, сметаме дека ова е парцијално решение кое нема да одговара на времето и на потребите за разрешување на овие прашања.

Имено, не гледам ако би го прифатиле овој Предлог на законот за измена и на Законот за измена и дополнување на Законот за основање на јавното претпријатие на МРТВ, со тоа што како што е таму предложено во законот да се даде можност Македонската радиодифузија да го именува директорот на Македонската радио - телевизија. Мислам тоа не е во корелација, бидејќи и не гледам овде која е таа демократизација, бидејќи истата радиодифузија, односно Советот се бира, односно Управниот совет на Радиодифузија се бира од Владата. Значи истите тие на нивни предлог во овие моменти Собранието го назначува, значи сепак мислам дека има многу поголеми проблеми во МРТВ и воопшто во Македонската радиодифузија и треба ние пратениците и целата наша Комисија за радиодифузија, односно за сообраќај и врски со Министерството, да стапиме во донесување на еден нов и проширен закон, по глобален закон.

И затоа предложивме врз основа на расправата, Собранието на Република Македонија да го усвои следниот заклучок.

Собранието на РМ смета дека има потреба од сеопфатни реформи во радиодифузниот систем, кои ќе допринесат за демократизација на односите и ќе биде компатибилен со законската норматива што се применува во радиодифузниот систем во Европската Унија.

Овој заклучок се доставува до Владата на Република Македонија, Министерството за сообраќај и врски и МРТВ.

Потоа после сето, односно по овој заклучок предлагачот на самата Комисија прифаќајќи го овој заклучок, го повлече Законот од понатамошна процедура.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пратеникот Абдулади Вејсели има процедурална забелешка.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Треба да пристапиме кон гласање за заклучокот, меѓутоа во салата нема доволен број на пратеници. Се знае, уставна категорија е дека треба да има мнозинство пратеници, па да продолжи со работа Собранието. Тука го немаме тој потребен минимум. Или ќе работиме, или ќе си одиме дома. Еве, сега ако го ставате на гласање ќе немате 40 пратеници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ние не знаеме точно сега колку пратеници се во салата, можеби имаме кворум, меѓутоа, сепак јас би ги повикал пратениците кои се надвор да влезат во салата за да можеме да пријдеме кон гласањето.

Ги молам службите да проверат дали имаме доволен број пратеници за гласање.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието на Република Македонија смета дека има потреба од сеопфатни реформи во радиодифузниот систем, кои ќе придонесат за демократизација на односите и ќе биде компатибилен со законската нормативa што се применува во радиодифузниот систем во Европската Унија.

Второ, овој заклучок да се достави до Владата на РМ, Министерството за сообраќај и врски и МРТВ.

Ве молам да гласаме за заклучокот.

Ве молам уште еднаш да го повториме гласањето, затоа што во меѓувреме влегоа 4 до 5 пратеници.

Ве молам да гласаме?

Вкупно гласале 63 пратеници, 38 за, 6 воздржани и 19 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

(Реакции од страна на пратениците во врска со усвојувањето на заклучокот кои сугерираат, за да се усвои заклучокот потребни се минимум 40 гласа "за").

Ве молам уште еднаш да го повториме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 41 за, воздржани 8 и 15 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлагачот на законот го повлекува законот.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, за соработка во областите образование, наука и култура со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставено односно поделени.

Отварам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска за соработка во областите на образование, наука и култура.

Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од кои за 59, воздржани 2 и против 2 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Ве молам во салата имаме повеќе присутни пратеници, отколку што мониторот покажува.

Ве молам уште еднаш да гласаме.

(Реагирање на пратениците).

Јас ве молам да гласате, било против, било воздржани било за, затоа што во салата има повеќе пратеници отколку што покажува мониторот.

Ако уште еднаш се повтори истиот случај, тогаш ќе ја прекинеме седницата и тие кои ги притиснале копчињата...

(Реагирање на пратениците).

Ве молам уште еднаш да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од кои 67 се за, воздржани 1 и против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

За збор се јави г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседавач јас барам збор околу процедурата.

Убаво е да се користи техниката инсталирана за потребите на гласањето, меѓутоа во случај ако тоа не функционира како што треба, подобро е да поминеме на гласање со кревање на рака.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека го надминавме тој проблем и нема потреба да гласаме со кревање на рака.

Молам дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1.

Бидејќи немаме претставник на Владата не можеме да постапиме по предложените амандмани, па ќе поминеме на точката 5.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на конвенцијата за признавање на статус на правно лице на меѓународните владини организации, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи и за оваа точка немаме претставник на Владата, за 6-тата точка имаме претставник предлагам да поминеме на точката 6.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници од кои 72 за, 2 воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 71 за, 3 воздржани, против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 68 за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Шведска.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка, со Предлогот на законот.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 71 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 69 за, 3 воздржани 1 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 68 за, 4 воздржан, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка.

Бидејќи и за точката 8 немаме претставник минуваме на точката 9.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Кралството Данска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Кралството Данска.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, од кои 70 за, 4 воздржани и 5 против не.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од кои 61 за, 5 воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, од кои 69 за, 4 воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот за социјално осигурување меѓу Македонија и Кралството Данска.

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на

Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Данска.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 84 пратеници, од кои 79 за, 3 воздржани и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, од кои 72 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, да преминеме на поединечно гласање.

Го молам секретарот на гласањето да го изврши чинот на гласањето.

Ве молам, дали предлогот на координаторот на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ, да се гласа поединечно, го поддржуваат 10 пратеници?

Молам, пратениците да кренат рака. (Пратениците креваат рака).

Има повеќе од 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот.

Тоа значи дека има доволен број и поминуваме на чинот на поединечно гласање.

Господинот пратеник, Чедомир Краљевски побара повторно збор.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Претставниците на опозицијата, ако немаат ништо против, може и по електронски пат да се повтори гласањето.

Ако претставниците на опозицијата немаат ништо против, може и по електронски пат да го повториме гласањето. (Реакции во салата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, поминуваме на поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ – ЧУКАЛИЕВА:**

Јонуз Абдулаи - воздржан
Абдурахман Алити - за
Абдула Алиу - отсутен
Милојко Ангеловски - за
Стојан Андов - отсутен
Кирил Андоновски - за
Љупчо Анушев - отсутен
Фадил Бајрами - ....

(Бурни реакции во салата и потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Димитар Баткоски - против
(Пратеникот Лазар Китановски бара збор).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално пратеникот Китановски Лазар бара збор.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Јас би сакал претставникот на ЗПК да објасни за што точно ќе гласаме.

(Бурни реакции во салата од страна на сите пратеници).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам да се сослушаме.

Ги молам службите да ги затворат вратите.

Пратениците, уште еднаш ги молам да гласаат поединечно, во врска со предлогот за автентично толкување на член 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Мерсел Биљали - воздржан
Валентина Божиновска - воздржана
Јордан Бошков - воздржан
Димитар Бузлевски - за
Абдулади Вејсели - отсутен
Слободан Гарчески - воздржан
Васил Гаџовски - воздржан
Михајло Георгиевски - воздржан
Трајко Гешоски - воздржан
Александар Гештаковски - за
Данило Глигороски - отсутен
Петар Гошев - воздржан
Слободан Даневски - отсутен

Замир Дика - отсутен
Ванчо Ѓоргиев - отсутен
Илија Ѓоргиев - отсутен
Фатмир Етеми - отсутен
Васил Ефтимов - воздржан
Насер Зибери - за
Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
Мирко Иванов - воздржан
Илија Илоски - .....

(Пратеникот Илија Илоски реагира од место со зборовите дека не знае за што треба да гласа).

Се гласа за автентичното толкување.

(Реакции од страна на пратениците од опозицијата дека автентичното толкување не им е поделено).

Поделено е.

(Реакции од страна на пратеникот Илија Илоски со зборовите дека, навистина не може да гласа, затоа што не знае за што гласа и бара објаснување за што треба да гласа).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжете со чинот на гласањето.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Илија Илоски...

(Реакции во салата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Два пати повторивме за што гласаме сега.

Не можеме по три, четири и повеќе пати сега на истите да ви повторуваме.

Ве молам, продолжете со гласањето.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Делче Ицков - против
Никола Јованов - отсутен
Весна Јовановска - воздржана
Марика Јорданова - воздржана
Назми Кадриу - против
Радомир Карангелески - отсутен
Жарко Караџоски - отсутен
Митко Киров - против
Лазар Китаноски - не добивам одговор.

(Реакција од страна на пратеникот Лазар Китановски).

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Би сакал да го видам мислењето на ЗПК.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ – ЧУКАЛИЕВА:**

Саво Климовски - отсутен
Стојан Ковачески - за
Ѓорѓи Котевски - против
Чедомир Краљевски - против
Илија Лазаров - против
Горанчо Лазов - воздржан
Алириза Лога - воздржан
Билал Љутфии - против
Васе Манчев - против
Наталија Марковиќ – Димова - за
Ѓулистана Марковска - отсутна
Диспина Марковска - против
Звонко Мирчески - против
Драган Митевски - отсутен
Илинка Митрева - одбива да гласа, апстинира.
Кирил Настески - за
Рубенс Наумовски - против
Горан Невеновски - против
Латиф Пајкоски - за
Александар Пандов - отсутен
Ванчо Панчев - воздржан
Илија Пемов - воздржан
Тито Петковски - за
Чедо Петров - отсутен
Томислав Петровски - воздржан
Филип Петровски - против
Азис Положани - за
Стојан Попов - отсутен
Љубомир Поповски - за
Никола Поповски - против
Илија Прангоски - воздржан
Исмет Рамадани - за
Љупче Ристески - против
Ненад Ристовски - отсутен
Нано Ружин - отсутен
Илјаз Сабриу - без одговор
Аце Сајкоски - против
Аслан Селмани - за
Борче Сибиновски - против
Вангел Симев - отсутен
Ристо Спанаков - воздржан
Крале Спанчевски - против
Ѓорѓи Спасов - отсутен
Милан Ставрев - против
Наќе Стојановски - за
Томислав Стојановски - против
Воислав Стојаноски - против
Благој Стојковски - за

| | |
|---|---|
| Златко Стојменов | - против |
| Владо Сугаревски | - против |
| Оломан Сулејмани | - за |
| Ризван Сулејмани | - не гласа |
| Мухамед Таири | - против |
| Александар Талевски | - воздржан |
| Мевљан Тахири | - за |
| Митко Тилевски | - против |
| Ѓорѓи Тодоров | - за |
| Ристо Тодоров | - за |
| Павле Тодоровски | - воздржан |
| Панде Томов | - воздржан |
| Коце Трајаноски | - против |
| Горанчо Трајков | - против |
| Танас Трајковски | - отсутен |
| Александар Трпевски | - против |
| Борислав Трповски | - за |
| Слободан Ќосев | - против |
| Илија Филиповски | - за |
| Александар Флоровски | - воздржан |
| Илјаз Халими | - воздржан |
| Благој Ханџиски | - отсутен |
| Сејфедин Харуни | - за |
| Кастриот Хаџиреџа | - за |
| Бранко Црвенковски | - отсутен |
| Миланчо Черкезов | - воздржан |
| Ванчо Чифлиганец | - за |
| Арбен Џафери | - отсутен |
| Хисни Шаќири | - против |
| Алија Шахиќ | - воздржан |
| Радмила Шеќеринска | - отсутна |

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да ги преброиме гласовите, па ќе ви дадам збор.

Пратеникот Никола Поповски инсистира да земе збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам, меѓутоа очигледно кај сите во Собранието настана една забуна.

Ние сега, конечно, пратеничката група на СДСМ се проверивме. Не знам од кои причини никој од нас го немаше автентичното толкување во моментот на гласање. Сега, во моментов го добивме од службите и утврдивме дека никој го немал од нас.

Сега, откако го видовме, дел од пратениците, немајќи го тоа во моментот на изјаснувањето, конечно сега имаме став. Оние кои не гласале или кои сакаат да ги променат изјавите при гласањето, ве молам тоа да ни се овозможи, затоа што дури сега го добивме материјалот по кој гласаме. Ние всушност немавме материјал по кој требаше да се изјаснуваме.

Во таа смисла, ве молам да овозможите пратениците Китановски, Митрева, јас и Илија Илоски да гласаме и Мирко Иванов повторно, затоа што дури сега ги добивме материјалите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално господинот пратеник Александар Флоровски бара збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не знам зошто ова го прави господинот Поповски, но сметам дека веќе еднаш гласаше против и сметам дека по втор пат да гласа за истата работа нема ефект. Ако претходните господа не гласаа, нека станат нека побараат повторно само за нив да се однесува тоа гласање. Господинот Поповски гласаше веќе еднаш.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Реплика за господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, моето барање беше јасно и прецизно. Вие ја водите седницата, секретарот е до вас, ние ќе го почитуваме тоа што вие ќе ни го сугерирате. Свесни сме дека процедурата заврши, свесни сме дека гласањето беше јавно, на барање на коалицијата, заради тоа што бевме доведени во заблуда поради немање материјал, не бевме во можност правилно да се изјасниме. Ако вие ни овозможите да се изјасниме дополнително, да го смениме исказот, во ред. Ако не ни овозможите и тоа ќе биде во ред.

Дали ме слушате што зборувам?

Ве молам да се изјасните дали по Деловникот имам право, да го промениме исказот и тука ќе завршиме?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Материјалот е испратен преку пратка и тоа на време.

Не знам зошто вие не сте го добиле тој материјал.

Но, сепак, ако е така, тогаш да го уважиме тоа и ве молам, да гласате.

Повелете. Госпоѓата Илинка Митрева бара збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Сакав да проверам дали ќе дозволите гласање, бидејќи јас воопшто не гласав и сакам да го искажам својот став по

прочитувањето на автентичното толкување што сега ми беше доставено.

(Бурни реакции во салата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, пратениците кои сакаат поединечно да гласаат, нека гласаат па да продолжиме со работа.

**КАРОЛИНА ОПБАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Според барањето беше за повторно гласање од страна на:

Илинка Митрева - за

Лазар Китановски - за

Никола Поповски - за

Мирко Иванов - за

Тоа е она што јас го забележав како барање.

(Пратеникот Илија Илоски бара да гласа).

Илија Илоски - за

Амди Бајрам - за

Ризван Сулејмани - за

Абдуладі Вејсели - за

Исмет Рамадани – за

Дел од овие пратеници имаат гласано, меѓутоа сега се одлучија да го променат сопственото мислење.

Претседавачот дозволи, а јас сум должна тоа да го забележам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Господинот пратеник Котевски Ѓорѓи бара збор.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, со цела одговорност ние како пратеници, присуствуваме во ова Собрание. Никој не може да се вади заради тоа дека е во одредена заблуда па гласал за или против. Материјалите редовно се доставуваат до сите пратеници. Сите од овде земаат дневници. Најголем дел од пратениците земаат професионално и плата и мислам дека ваква циркузијада што се прави со прегласување или промена на мислењето заради недоставен материјал, е чиста фарса.

Во иднина тоа треба да го спречите како спикер во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Котевски за овие интервенции.

За збор се јави господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Со сиот должен респект кон претседавачот, сега разговаравме со Никола Поповски, точно е дека вие ја водите седницата, меѓутоа мене ме интересира што ако јас сега сакам да се предомислам за гласањето, да тврдам дека и јас не сум го добил материјалот.

Правите опасен преседан и сакам само тоа да го имате предвид. Воопшто, сметам, дека не држи забелешката дека некој не добил материјал. Значи ова Собрание, не функционираат службите што ги дистрибуираат материјалите. Точно ли е тоа?

Еве, секретарот кажува дека не е точно. Сега, одговорете ми, во форма на пратеничко прашање или не знам како, на писмено, веднаш, на лице место дали се дистрибуираат материјали за седница и кој е во право? Дали работат службите и ги дистрибуираат материјалите или никој не работи и тогаш е во право пратеничката група на СДСМ.

Да не ја донесуваме во заблуда македонската јавност. Очигледно некој сака да наметне една теза дека не се добиваат материјали за седница, дека ништо не функционира во Собранието, дека согласно тоа можеме да се предомислуваме како ќе гласаме, па ќе се пребројуваме, па ќе правиме триста чуда на сред седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Ние ќе провериме кај службите, ако утврдиме дека тие ги пратиле, дополнително ќе бидете известени.

Ве молам, за предлогот на автентичното толкување гласаа 32 пратеници, против гласаа 32, а од гласањето се воздржаа 27 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го донесе автентичното толкување на членот 18 од Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање Анкетна комисија за испитување на јавните набавки.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 88 пратеници, од кои 48 за, 7 воздржани и 33 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за основање на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки.

Преминуваме на 16-тата точка - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Вишата медицинска школа во Битола при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 79 пратеници, од кои 73 за, 3 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Вишата медицинска школа во Битола при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

Преминуваме на 17-тата точка - Предлог на Одлука за именување на членови на Посебна комисија за изготвување на предлогот за именување на директор на Вишата медицинска школа во Битола, при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 87 пратеници, од кои 70 за, воздржани нема и против 17.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на членови на Посебна комисија за изготвување на предлогот за именување на директор на Вишата медицинска школа во Битола, при Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола.

Преминуваме на 18-тата точка - Информација за спроведениот референдум за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Информацијата не е доставена од Владата, затоа преминуваме на 19-тата точка.

Преминуваме на 19-тата точка - Интерпелација за работата на министерот за одбрана во Владата на Република Македонија, господин Никола Кљусев.

Бидејќи немаме претставник на Владата, поточно министерот за одбрана не е присутен, мораме да ја одложиме оваа точка.

Ја прекинувам седницата, а дополнително ќе бидете известени за наредната седница кога оваа точка ќе биде на дневен ред.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).